# СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
# Кавадарци

# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А



Кавадарци, Септември 2025 година

## Содржина

**Подрачје 1. Наставни планови и програми** ..... 3
Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми ..... 4
Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми ..... 6
Индикатор 1.3. Воннаставни активности ..... 8
**Подрачје 2. Постигнувања на учениците** ..... 14
Индикатор 2.1. Постигнувања на учениците ..... 15
Индикатор 2.2. Задржување / осипување на учениците ..... 25
Индикатор 2.3. Повторување на учениците ..... 31
**Подрачје 3. Учење и настава** ..... 29
Индикатор 3.1. Планирања на наставниците ..... 31
Индикатор 3.2. Наставен процес ..... 34
Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето ..... 36
Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците ..... 41
Индикатор 3.5. Оценувањето како дел од наставата ..... 43
Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците ..... 45
**Подрачје 4. Поддршка на учениците** ..... 30
Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците ..... 49
Индикатор 4.2. Здравје ..... 58
Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 62
Индикатор 4.4. Следење на напредокот ..... 66
**Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето** ..... 69
Подрачје 5.1. Училишна клима и односи во училиштето ..... 71
Подрачје 5.2. Промовирање на постигањата ..... 84
Подрачје 5.3. Еднаквост и правичност ..... 93
Подрачје 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ..... 98
**Подрачје 6. Ресурси** ..... 104
6.1 Сместување и просторни капацитети ..... 105
6.2 Наставни средства и материјали ..... 109
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар ..... 111
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар ..... 116
6.5 Финансиско работење во училиштето ..... 123
**Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика** ..... 126
Индикатор 7.1.Управување и раководење со училиштето ..... 127
Индикатор 7.2.Цели и креирање на училишната политика ..... 129
Индикатор 7.3. Развојно планирање ..... 131
ПРИЛОЗИ ..... 137

**ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА**

**м-р Зоран Милевски- Директор**
**Благородна Лазова - Координатор на проектот**

**Васка Таневска - одговорна за подрачјето Наставни планови и програми**
**Душанка Иванова - одговорна за подрачјето Постигања на учениците**
**Анастазија Костова - одговорна за подрачјето Учење и настава**
**Татјана Ралевска - одговорна за подрачјето Поддршка на учениците**
**Јасминка Ризова - одговорна за подрачјето Училишна клима и односи во училиштето**
**Костадинчо Петров - одговорен за подрачјето Ресурси**
**Александра Ристова - одгворна за подрачјето Управување, раководење и креирање политика**

## Подрачје 1. Наставни планови и програми

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Избор на наставни програми<br>• Реализација на програми со системска промена |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Вонннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со вонннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставните активности |

## Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Применувани наставни планови и програми и создавање визија за она што го посакуваме** |
| | • **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми** |
| | • **Избор на наставни предмети** |
| | • **Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности (План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акција од воспоставените еко стандарди)** |
| | • **Реализација на проширени програми (Интегирање на еколошки содржини од еколошката програма во Годишната програма за работа на училиштето)** |

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставнитепланови и програми<br>• Покани за учество на семинари<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Дневници на паралелките<br>• Записници од проектни активности | Училиштето целосно ги применува наставните планови и програми кои ги донесува МОН и тие се реализираат во пропишаниот обем според соодветниот број на часови кој е предвиден за одреден наставен предмет.<br>Секој предметен наставник изработува глобални, тематски и оперативни (дневни) планирања, брз основа на кои ја реализира наставата по даден наставен предмет во текот на една учебна година. Во глобалните и тематските планирања, освен задолжителните содржи кои се предвидени според наставната програма во даден предмет, се интегрираат и содржини за реализација на проширени програми од проектот Еколошка едукација во македонскиот образовен систем, кои понатаму секој наставник и класен раководител точките на акција ги разработува во тематските и дневните планирања, што значи дека се интегрираат деветте еколошки теми кои се во корелација со наставните програми.<br>Секој наставник во реализирањето на наставната програма користи ИКТ, освен за редовната настава, секој предметен наставник изработува планирања врз основа на кои ја реализира додатната настава. Се изработуваат годишни и тематски планирања за реализација на проектните активности.<br>Класните раководители за реализирање на класните часови изработуваат годишни и тематски планирања според програмата Образование за животни вештини.<br>Врз основа на подготвените планирања, успешно се реализира воспитно- |

| | |
|---|---|
| • Подготовка за натпревари<br>• Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН<br>• Брошури<br>• Web портал | образовниот процес во училиштето, така што учениците имаат можност успешно и навреме да ги совладаат наставните содржини и истите да ги продлабочат на часовите за додатна настава. Секој ученик добива можност за стекнување на квалитетни и долготрајни знаења, кои во неговиот понатамошен развој ќе претставуваат совршена можност за избор на идна професија.<br>Училиштето нуди современа, ефикасна и квалитетна настава за максимална едукација на учениците.<br>Училиштето уште на почетокот на учебната година, на првата родителска средба, ги информира родителите за наставните планови и програми, а истите информации ги добиваат и учениците на првите часови од почетокот на учебната година. Училиштето е во постојан контакт со родителите, така што родителите се вклучени во активниот живот на училиштето, преку Совет на родители, родителски состаноци и индивидуални средби.<br>Учениците уште во прва година се поделени по подрачја, а во втора година училиштето нуди изборни предмети според наставниот план и програма. Учениците и родителите навреме се информираат за изборните можности по однос на дадени предмети за предвидената наставна година, така што имаат можност во писмена форма да се изјаснат за направениот избор.<br>Во прва година нема изборни предмети така што сите ученици изучуваат ист материјал. Во втора година постои можност за избор на пет предмети кои ги предлага училиштето (информатичка технологија, говорење и пишување, етика, латински јазик и линеарна алгебра и аналитичка геометрија). Секој ученик од втора година има можност да избере еден од предложените изборни предмети. Изборните предмети се програмирани со два часа неделен фонд во втора година.<br>Во трета и четврта година учениците ги изучуваат предметите од подрачјата кои ги имаат избрано при самиот упис во прва година. Изборните предмети во трета и четврта година се групирани во три изборни подрачја: природно - математичко подрачје (комбинација А и Б), општествено - хуманистичко подрачје (комбинација А и Б) и јазично - уметничко подрачје (комбинација А и Б).<br>Долготрајната соработка со Локалната самоуправа и Советот на општината му овозможуваат уште поуспешен професионален развој на училиштето. |

## Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| **Теми:** | |
|---|---|
| | • **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала** |
| | • **Соработка со локалната средина и невладини организации во наставните програми и наставните помагала** |
| | • **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување** |
| | • **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| • Наставни планови и програми<br>• Глобални, тематски и дневни планирања на наставниците<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Извештај од годишната програма за реализирани проекти<br>• Еко-стандарди<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од Советот на паралелката<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Записници од Училишен одбор<br>• Записници од Совет на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Професионално досие на наставниот и стручниот кадар<br>• Дневници на паралелката<br>Годишните програми на активи | Од 2025 година има промена во наставните планови и програми во прва година по сите предмети во гимназиското образование. Стручното образование се раководи по модуларна програма/модуларно дизајнирање од 2019/2020 година. Промените се однесуваат на промена на темите, начинот на оценувањето, изготвување на портфолио за секој ученик, промена во стандардите на оценувањето и наместо дневна подготовка се прави сценарио за часот. Водењето на евиденцијата на содржините и стандардите се евидентира и во електронскиот дневник. Нема да има повеќе годишно планирање, туку само тематско планирање. Оваа програма е поткрепена со нови учебници по сите предмети во прва година.<br>Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор. Училиштето во соработка со Локалната самоуправа, поточно со Одделот за превенција при ПС-ОН Кавадарци го реализира проектот за безбедност во училишатата - Училишта без насилства.<br>Образованието на наставниот кадар е клучно во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел, наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојаното лично и професионално усовршување. Училиштето организира едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усоврушува пошироко од границите на својата област. Наставниците во прва година успешно ја реализираа обуката која се однесуваше на новата концепција за средно гимназиско образование.<br>Сите наставници задолжително присуствуваа на обуките за примена на |

| | |
|---|---|
| | вештачката интелигенција и за Поттикнување на одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици.<br>Сите наставници ги применуваат стандардите за оценување на квалитетот на знаењата кај учениците. Наставниците се обучени за Образование за животни вештини организиран од страна на Бирото за развој на образованието, така што наставните планови и програми од ОЖВ успешно и во соодветниот обем се реализираат на класните часови. Во периодот што следи очекуваме уште нови обуки и едукативни рзботилници во делот на наставата и воспитувањето на учениците. |

## Индикатор 1.3. Вonнаставни активности

| **Теми:** | |
|---|---|
| | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности** |
| | • **Опфатеност на учениците со вонnаставните активности** |
| | • **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонnаставните активности** |
| | • **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности во училиштето и надвор од него** |

| **Извори на податоците** | |
|---|---|
| • Разговор со директорот<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Програма за работа на активите<br>• Програма за дополнителна и додатна настава и програми за проектни активности<br>• Пофалници, дипломи, благодарници, пехари, медали<br>• Годишна програма за работа на Училиштето<br>• Анкета<br>• Разговор со стручна служба<br>• Web страна | Наставните планови и програми одобрени од МОН, во училиштето целосно се реализираат, освен преку редовната настава и вонnаставните активности.Во училиштето се организираат голем број вонnаставни активности во кои се вклучени сите ученици во зависност од нивните афинитети и можности.<br>Како во сите успешни училишта, па така и во нашето училиште, наставниците ги забележуваат интересите на учениците и достигнувањата и ги користат овие информации за да ги мотивираат учениците да се вклучат во различни вонnаставни активности.<br>Придобивки од вонnаставните активности се: учество во манифестации во училиштето и надвор од него, проширување на знаењата, правилно користење на слободното време и социјализација.<br>Има голема соработка со Локалната самоуправа и установите и трговските друштва, со одбележување на позначајни датуми, како што се празници и меѓународни денови. Наградите и признанијата веќе не се доволен мотив за поттикнување на учениците, за да се вклучуваат во голем број вонnаставни активности. Пожелно е да се организираат и други форми на мотивација и признание за овие ученици, при што ќе се задоволат и нивните моментални потреби. Во училиштето постојат овие форми на училишни и вонnаставни активности:<br>- Литературно катче во кое љубителите на пишаниот збор, низ поезија и проза ја изразуваат својата креативност и инспирација. Учествуваат на разновидни литературни конкурси, постигнуваат забележителни успеси и добиваат награди и дипломи. |

| | |
|---|---|
| | - Новинарска секција, проект за „Медиумска писменост и дезинформации“, е проект последните 5 години во организација на Центар на Југоисточна Европа и невладина организација„Види вака“ со поддршка на USAID. Проектот вклучува обука и презентации за ученици кои доброволно се вклучени за да научат како да ги разликуваат вистинските од невистинските информации во медиумите.Се организира друштвена игра „Спинокио“ низ која учениците го покажуваат стекнатото знаење за медиумска писменост.<br>- Училиштен хор и оркестар, учениците кои се музички надарени (пеење и свирење на инструменти) се вклучија во хорот и оркестарот на училиштето и имаа повеќе настапи во и надвор од учлиштето во одбележувањето на значајни празници и датуми за нашиот град. Исто така, земаат учество на повеќе натпревари, кои ги организира Општина Кавадарци и пошироката заедница.<br>- Училиштен спорт (пинг-понг, ракомет, одбојка, кошарка, фудбал, корективна гимнастика). Преку оваа активност наставниците од стручниот актив по спорт и спортски активности, им нудат на учениците можности да тренираат и спортуваат и во тимски и во индивидуални спортови, во зависност од кондицијата, афинитетите и физичката конституција на учениците. Од оваа секција се селектираат ученици за училишните репрезентации кои се натпреваруваат во различни спортови во рамки на Училишниот спорт организиран од страна на Локалната самоуправа, но и натпревари организирани од спортските модерни педагошки пристапи за мобилизирање на младите луѓе активно да учествуваат во унапредувањето и заштитувањето на светското наследство. Учениците учествуваат во голем број културно - уметнички и спортски манифестации. Преку активно учество во воннаставните активности учениците ги афирмираат своите креативни потенцијали и конструктивно го поминуваат своето слободно време.<br>- Еколошката секција се грижи за докажаната хигиена во училиштето, на која навистина сме горди и ќе промовира здрав начин на живеење во чиста средина. Заедно со еко-патролите и одговорните наставници, постојано се врши анализа на состојбите на животната средина и реализирање на планот |

| | |
|---|---|
| | на еколошките активности и точките на акција од воспоставените еко-стандарди и 7-те чекори од еко-менаџментот. Во текот на учебната година, оваа секција беше задолжена за организирање на разновидни активности за достојно одбележување на значајните датуми поврзани со еколошкиот календар.<br>Постигнатите резултати од учествата на натпревари, манифестации, се објавуваат на веб страната на училиштето |

| ***РЕЗУЛТАТИ*** | |
|---|---|
| ***ЈАКИ СТРАНИ*** | ❖ Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми,<br>❖ Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН,<br>❖ Училиштето има соодветна постапка во стручната служба за следење на педагошката документација на наставниот кадар,<br>❖ Наставниот кадар постојано лично и професионално се усовршува,<br>❖ Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини и МИО активности,<br>❖ Наставната програма се реализира со користење на ИКТ во наставата (минимум 30 %) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет,<br>❖ Училиштето преку соодветни медиуми ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми,<br>❖ Училиштето е во постојан контакт и соработка со Локалната самоуправа, Локалната заедница, Основниот суд, Основното Јавно обвинителство, Трговскиот регистар и други институции во локалната заедница,<br>❖ Учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители, избираат кој изборен предмет и изборно подрачје ќе го изучуваат,<br>❖ Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни активност ќе учествува,<br>❖ Секој наставник изготвува наставни планови и програми за дополнителна и додатна настава,<br>❖ Интересот на родителите за наставните програми се зголемува. |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Да се продолжи со трендот на континуирано професионално и лично усовршување на наставниот кадар, стручната служба и учениците, со соодветни обуки и работилници, како заложба за доживотно учење. |

| | |
|---|---|
| ***КРАТКА АНАЛИЗА НА ПОДРАЧЈЕТО 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ*** | Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми во пропишаниот обем. Училиштето има изработено инструмент за следење на педагошката документација на наставниот кадар. Училиштето им дава комплетна поддршка на наставниците при осовременувањето и усовршувањето во својата област. Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини од понудените еколошки теми и воспоставените еко-стандарди. Се имплементираат најмалку по две МИО содржини и активности на редовните или слободните ученички часови. Наставната програма се реализира со користење и на ИКТ во наставата (минимум 30 %) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет.<br>Училиштето соработува и со учениците и со родителите при што соодветно и на време ги информира за сè што е потребно. Училиштето организира и реализира квалитетна настава. Училиштето организира дополнителна настава која се реализира со ученици кои од одредени причини не успеале да совладаат дел од предвидените наставни содржини. Училиштето организира додатна настава која се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредени содржини. Оваа настава се реализира и со талентирани ученици.<br>Учениците вршат избор на предмети самостојно според своите афинитети. Директорот на училиштето, помошник-директорот за настава и стручната служба го следат навременото предавање на планирањата од наставниците. На почетокот од секоја учебна година училиштето подготвува Годишна програма за работа во која ги планира сите активности за реализација на наставните планови и програми. Училиштето има изработено превентивни програми и посветува посебно внимание на грижата за здравјето на учениците преку редовните систематски пргледи, но и преку соработка со ЈЗУ Здравствен дом - Кавадарци. Со нивна помош и поддршка се реализираат веќе започнатите проекти за унапредување на репродуктивното здравје.<br>Училиштето соработува и со О.О Црвен крст – Кавадарци. Се реализираат крводарителски акции (дарување на крв за спасување на човечки живот) во кои ќе бидат вклучени и ученици кои наполниле 18 години.<br>Учениците преку учество на натпревари и други манифестации се трудат да постигнат високи успеси. Сите ученици во училиштето имаат еднакви права независно од полот и нивната религиозна и етничка припадност. |

| | |
|---|---|
| | Училишните екскурзии се важен сегмент од целокупната работа со учениците и влијаат врз развивањето, поттикнувањето и остварувањето на нивните различни интереси, а  претставуваат облик на воспитно-образовната работа кој се остварува преку низа активности надвор од училиштето (посети на природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, техничко-технолошки објекти и други локалитети). Истите ги реализираат некои определени цели и задачи од наставните програми и подрачја, а сето ова се спроведува согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта од БРО и МОН. |
| ***ИДНИ АКТИВНОСТИ*** | Продолжување на трендот за професионално и лично усовршување на наставниот кадар, стручната служба и учениците со соодветни обуки и работилници |

## Подрачје 2. Постигнувања на учениците

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот<br>• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на хоризонталното и на вертикалното движење<br>• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| 2.2 | Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици | • Опфат на учениците<br>• Број на ученици во паралелки/групи<br>• Ученици запишани во редовната настава кои немаат соодветна документација<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3 | Повторување на учениците | • Ученици што не ја завршуваат годината/образованието |

## Индикатор 2.1. Постигнувања на учениците

<table>
<tr><td rowspan="6">Теми:</td><td colspan="2">• Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Подобрување на постигнувањата на учениците</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовнатата и дополнителната настава</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Следење на хоризонталното и на вертикалното движење</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Годишни извештаи за воспитно-образовната работа на училиштето за учебните: 2023/2024 и 2024/2025),<br>• Годишна програма за работа на училиштето,<br>• Е-Дневник на паралелките,<br>• Главни книги,<br>• Евидентни листови за успех и поведение,<br>• Записници од Наставнички совет и совети на паралелката,<br>• Записници од стручни активи,<br>• Анкети за ученици, наставницииродители,<br>• Извештаи за реализирани советувања на родители на ученици и ученици</td><td>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците за сите квалификациони периоди во текот на учебната година и превзема активности за нивно подобрување.Извештаите за постигнувањата на учениците се со детални статистички податоци по сите наставни предмети на крајот од вториот и четвртиот квалификационен период. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност, но не се прави полова диференцијација на постигнувањата по наставни предмети.<br>Поединечните постигања на учениците се следат од една во друга учебна година и податоците се користат за понатамошни анализи по паралелки, по наставни предмети од стручната служба, активите и наставничкиот совет на училиштето.<br>Средниот успех на ниво на училиште во учебната 2024/2025 е 4,49 и е минимално поголем, за 0,01 во однос на учебната 2023/2024 кога изнесува 4,48.<br><table><tr><th colspan="3">Успехот на учениците</th></tr><tr><td></td><td>Учебна 2023/2024 г.</td><td>Учебна 2024/2025 г.</td></tr><tr><td>Просечен успех</td><td>4,48</td><td>4,49</td></tr></table><br>Во учебната 2023/2024 година најмногу ученици имаа одличен успех: 66,72%, потоа многу добар успех: 24,03%, потоа добар успех: 8,57% и доволен успех: 0,67%.</td></tr>
</table>

На крајот на учебната 2024/2025 година најмногу ученици имаа одличен успех: 67,24%, потоа многу добар успех: 23,05%, добар успех: 9,53% и доволен успех: 0,17%.
Во последните две години најголем процент од учениците постигнаа одличен успех. Споредено со претходната учебна година, во учебната 2024/2025 зголемен е процентот на ученици со одличен успех, а намален процентот на учениците кои постигнале доволен успех.

| Успех | Учебна 2023/2024 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | % | ж | % | Вк. | % |
| **Одлични** | **144** | **62,88** | **253** | **69,13** | **397** | 66,72 |
| **Мн. добри** | **59** | **25,76** | **84** | **22,95** | **143** | 24,03 |
| **Добри** | **23** | **10,04** | **28** | **7,65** | **51** | 8,57 |
| **Доволни** | **3** | **1,31** | **1** | **0,27** | **4** | 0,67 |
| **Вкупно** | **229** | | **366** | | **595** | |

| Успех | Учебна 2024/2025 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | % | ж | % | Вк. | % |
| **Одлични** | **138** | **61,33** | **250** | **71,02** | **388** | **67,24** |
| **Мн. добри** | **62** | **27,56** | **71** | **20,17** | **133** | **23,05** |
| **Добри** | **25** | **11,11** | **30** | **8,52** | **55** | **9,53** |
| **Доволни** | **0** | **0** | **1** | **0,28** | **1** | **0,17** |
| **Вкупно** | **225** | | **352** | | **577** | |

По полова припадност повисоки се постигањата на учениците од женски пол.
Постигнувањата на учениците во гимназиското образование се повисоки од постигнувањата на учениците во стручното образование, а тоа е резултат и на повисокиот просечен успех на учениците од основното образование во гимназиските паралелки.

| | |
|---|---|
| | Во учебната 2023/2024 година просечниот успех во гимназиското образование е 4,55, а во стручното 4,30. Во учебната 2024/2025 година просечниот успех во гимназиското образование е 4,60, а во стручното образование 4,26.<br>Бројот на ученици од друга национална припадност е мал. Училиштето ги следи и анализира постигањата на учениците според етничка припадност.<br>Во учебната 2023/2024 година вкупно 5 ученици не се од македонска националност или 0,84% од учениците и тоа: 1 ром, 2 србинки, 1 хрватка и 1 турчинка.<br>Во учебната 2024/2025 година исто така само 5 ученици од вкупниот број не се од македонска националност или 0,87% од учениците и тоа: 1 ромка, 1турчинка, 2 србинки и 1 хрватка.<br>Во последните три години нема ученици кои ја повторувале годината.<br>За постигањата на Државната матура се води комплетна евиденција и се прават анализи и споредби.<br>Во учебната 2023/2024 година Државна матура пријавиле и полагале 155 ученици, од кои 153 редовни и двајца вонредни ученици. Државната матура не ја положиле 2 ученици, едниот ученик македонски јазик и литература, а другиот англиски јазик.Училишна матура пријавила и положила само една ученичка која е вонредна.<br><br>Во учебната 2024/2025 година Државна матура пријавиле 142 ученици, од кои 140 редовни и 2 вонредни ученици. Државната матура положиле 139 ученици, двајца ученици не положиле, а една ученичка не се јавила на испитите. Завршен испит пријавила и положила 1 вонредна ученичка<br>Резултатите на екстерниот дел на Државна матура 2025 се на повисоко ниво во однос на резултатите на екстерниот дел на Државна матура 2024 година, како и од сите останати години почнувајќи од 2008 година кога учениците првпат полагаа државна матура. |

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2024 | ДМ 2025 |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,64 | 4,13 |
| 2. | Англиски јазик | 3,82 | 4,63 |
| 3. | Германски јазик | / | 5,00 |
| 4. | Математика | 4,72 | 4,50 |
| **Просечен успех** | | **4,06** | **4,56** |

На државна матура 2025, резултатите на екстерните испити на нашите ученици се многу повисоки во однос на постигнатите резултати на ниво на Републиката.

| **Државна матура 2025** | | | |
|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Предмети** | **Екстерен успех** | **Просечен успех во Републиката** |
| 1. | Македонски јазик и литература | 4,13 | 3,68 |
| 2. | Математика | 4,50 | 4,14 |
| 3. | Англиски јазик | 4,63 | 3,65 |
| 4. | Германски јазик | 5,00 | 4,42 |
| **Просечен успех** | | 4,56 | 3,69 |

Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски средби, со давање на евидентни листови за успех и поведение, преку електронскиот дневник, веб страната на училиштето, консултации со наставниците во приемните денови и индивидуалните средби.96% од анкетираните родители се согласуваат дека навремено се информирани за успехот, редовноста и поведението од страна на раководителот на паралелката.За 82% од родителите, оценувањето на постигањата на учениците од страна на наставниците е објективно. 92% од родителите се согласуваат дека родителските средби се навремени, добро организирани и осмислени.65% од родителите се согласуваат дека наставниците во текот на учебната година реализираат дополнителна настава за учениците кои имаат послаби резултати

| | |
|---|---|
| | во учењето или имаат потешкотии во учењето, а 62% од родителите дека наставниците реализираат додатна настава за надарените и учениците кои сакаат проширување и продлабочување на знаењето. Наставниците им даваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето и на надарените ученици (67% од родителите).84% од родителите се согласуваат дека училиштето успешно соработува со родителите заподобрување на постигнувањата на учениците. 75% од родителите се задоволни од работата и приодот на наставниците од училиштето.<br>За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси, саеми и слични манифестации се води комплетна евиденција. Учесниците јавно се истакнуваат на класните часеви, приредби, а комплетниот преглед се истакнува на веб страната на училиштето (редовно се ажурира) и е составен дел на Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на училиштето.<br>Наставниците сметаат дека постигањата може да бидат повисоки. Според одговорите од спроведените анкети се констатира да училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. Имено, 92% од анкетираните наставници, се согласуваат дека училиштето изразува уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат. 86% од анкетираните наставници реализираат дополнителна настава за учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето или имаат потешкотии во учењето, а 89% реализираат додатна настава. 44% од анкетираните наставници изнесуваат дека учениците со послаби резултати и потешкотии во учењето не покажуваат редовност и интерес на часовите за дополнителна настава. Сите анкетираните наставници одговараат дека ги мотивираат учениците да учат и даго постигнат својот максимум. 86% од анкетираните наставници соработуваат со родителите на учениците за подобрување напостигнувањата. 97% од анкетираните наставници јавно и со образложение им ги соопштуваат оценките на учениците.<br>На наставничките совети се донесуваат мерки за подобрување на постигањата на учениците, кои опфаќаат: организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава, организирање и реализирање на подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити, матурски и завршни испити, соработка со стручната |

| | |
|---|---|
| | служба за подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на мотивацијата на учениците за постигнување повисоки резултати, примена на интерактивни форми и методи на настава, соработка со родителите на учениците и навремено известување за успехот на секој ученик, мотивирање на учениците за меѓусебно помагање, реализирање на групни и индивидуални советувања на родители на ученици и ученици кои имаат намален успех во учењето. Наставниците се достапни на учениците преку редовната или друг вид на настава доколку имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини.<br>Наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за оценување на почетокот на учебната година за точно да знаат што од нив се бара за секоја оценка(62% од анкетираните ученици). Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување дадени од страна на Бирото за развој на образованието, а и самите наставници имаат изработено свои критериуми за оценување кои ги применуваат во наставата. 71% од учениците се согласуваат дека наставниците промовираат уверување дека постигнувањата на сите ученици може да се подобрат. 61% оданкетираните учениците се согласуваат дека наставниците јавно и со образложение ги соопштуваат оценките. 64% од анкетираните ученици одговориле дека при оценувањето од страна на наставниците се води сметка за индивидуалното напредување на учениците.<br>На посетените часови од страна на раководниот и стручниот тим, сите предметни наставници применуваат интерактивни наставни форми и методи. На сите состаноци на Наставнички совет, на многу состаноци и разговори на ниво на активи е наведувана користа од примената на активните наставни форми и методи.<br>Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето ја изведуваат предметните наставници и раководителите на паралелките во соработка со стручната служба. Еден ученик е со телесна попреченост, и истиот постигна одличен успех (5,00) и во прва (2023/2024) и во втора година (2024/2025).Повеќе субјекти од училиштето водат разговори со учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето. Раководителите на паралелките разговараат со учениците на класните часеви за важноста на учењето, реализираат теми од Програмата „Образование за животни вештини“, а советодавно работат и стручните соработници(психолог,педагог,социолог) во училиштето преку индивидуални и групни разговори. |

| | |
|---|---|
| | Се реализираат советувања на ученици и советувања за родители на ученици кои имаат слаб успех од страна на стручниот соработник-психолог. Се организираат и спроведуваат едукативни работилници за подобрување на успехот во наставата.<br>Од анализата на запишаните часови во дневникот на паралелката и одговорите на анкетите може да се констатира дека најголем број од наставниците организираат и реализираат дополнителна настава по однапред изготвена програма и распоред за реализација на истата. Обврската за овој тип настава и изготвувањето на посебна програма за неа со примена на соодветни наставни форми и методи ја исполнуваат наставниците.<br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници во соработка со стручната служба. Се следи секојдневната активност, се зема предвид квалитетот на самостојните трудови, резултатите од контролните тестови и усното излагање. За надарените и за сите заинтересирани ученици за проширување и продлабочување на знаењата по одделни воспитно-образовни подрачја, се организираат и реализираат часови за додатна настава.<br>Училиштето систематски ги следи постигањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Се споредува успехот на учениците од основното училиште од кое доаѓаат и успехот во прва година.<br>Анализата на успехот на учениците на крајот од основното образование и успехот на крајот од прва година во нашето училиште во учебната 2023/2024 година покажува дека 78,98% од учениците во прва година го задржале успехот од основното училиште, 21,02% го намалиле успехот од крајот на основното образование.Нема ученици кои во прва година имаат подобар успех од завршната година во основното образование.<br>Анализата на успехот на учениците на крајот од основното образование и успехот во прва година во нашето училиште во учебната 2024/2025 година покажува дека 73,72% од учениците во прва година го задржале успехот од основното образование, 26,28% го намалиле. Нема ученици кои во прва година имаат подобар успех од завршната година во основното образование.<br>Причина за послабите постигања се:различните критериуми за оценување во основно и средно образование, слабите предзнаења, неизградените работни навики, непознавањето на методите и техниките на рационално учење, мотивацијата како и |

| | |
|---|---|
| | адаптационите потешкотии.<br>Нашите ученици го продолжуваат своето образование на високо образовните институции, но не се врши следење на нивните постигнувања во повисокото ниво на образование.<br>Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка и продолжување на образованието на повисоко ниво.Училиштето немапропишана политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.<br>При реализација на еколошката програма има еднаква вклученост на ученици независно од полот иетничка припадност и се настојува да се подигне свеста на учениците за важноста на животната средина и превземање на активности за нејзина заштита.<br>Училиштето ги подобрува интеркултурните компетенции кај учениците. Реализира заеднички активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето.Нашето училиште нема воспоставено соработка со партнер училиште од друг наставен јазик во Републиката.<br>Училиштето досега има остварено повеќе заеднички активности со училиштето „Курт Николин“ од Финспанг, Шведска, како и заеднички активности со други училишта од Европските земји согласно Erasmus+ програмата.<br>Овие активности врз меѓуетничката интеграција во училиштето и локалната заедница влијаат поволно со што во училиштето има создадено позитивна атмосфера запромовирање на меѓуетничката интеграција.Учениците се дел од ваквите активности, а со тоа тие се стекнуваат со потребните знаења за живеење во едно мултикултурно општество. |

## Индикатор 2.2. Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Опфат на учениците**<br>• **Број на ученици во паралелки/групи**<br>• **Ученици запишани во редовната настава кои немаат соодветна документација**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Намалување на бројот (осипување) на ученици**<br>• **Премин на ученици од едно во друго училиште** |
| **Извори на податоци** | |
| • Годишни извештаи за воспитно-образовната работа на училиштето за учебните: 2023/2024 и 2024/2025),<br>• Годишна програма за работа на училиштето,<br>• Е-Дневник на паралелките,<br>• Главни книги,<br>• Евидентни листови за успех и поведение,<br>• Преведница,<br>• Записници од Наставнички совет и совети на паралелката,<br>• Записници од стручни активи,<br>• Анкети за ученици, наставниции родители,<br>• Извештаи за реализирани советувања на родители на ученици и ученици<br>• Закон за средно образование<br>• Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки | Интересот за запишување на ученици во нашето училиште е голем, но бројот на ученици се намалува поради намалениот наталитет, односно помалиот број на ученици кои завршуваат основно училиште од година во година и најчесто не намалување на бројот на поените за упис во нашето училиште од страна на Министерството за образование и наука.<br>Училиштето целосно ја почитува законската одредба за бројот на ученици по паралелки. За паралелките со помал број на ученици навремено обезбеду-ва согласност од основачот по претходно позитивно мислење од МОН.<br>Во училиштето нема вклучено ученици кои немаат соодветна документација.<br><br>Бројна состојба на учениците: |

| | I година | II година | III година | IVгодина | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Учебна 2023/24 г. | 157 | 146 | 139 | 153 | 595 |
| Учебна 2024/25г. | 137 | 155 | 145 | 140 | 577 |

<table>
<tr>
<td>

- Евиденција на заминати и новозапишани ученици
- Евиденција на советувања на родители на ученици и ученици,
- Податоци од административна служба (секретарот) и главни книги
- Закон за средно образование
- Правилник за начинот на изрекување на педагошките мерки

</td>
<td>

Бројна состојба по паралелки:

| Пара-лелка | Уч.2023/ 2024 година | Уч.2024/ 2025 година | Пара-лелка | Уч.2023/ 2024 година | Уч.2024/ 2025 година |
|---|---|---|---|---|---|
| I-1 | 12 | 21 | III-1 | 17 | 17 |
| I-2 | 25 | 16 | III-2 | 22 | 17 |
| I-3 | 21 | 15 | III-3 | 21 | 22 |
| I-4 | 24 | 17 | III-4 | 19 | 24 |
| I-5 | 24 | 21 | III-5 | 22 | 19 |
| I-6 | 34 | 28 | III-6 | 25 | 30 |
| I-7 | 17 | 19 | III-7 | 13 | 16 |
| Вк.воI | 157 | 137 | Вк.во III | 139 | 145 |
| II-1 | 18 | 12 | IV-1 | 28 | 17 |
| II-2 | 17 | 23 | IV-2 | 19 | 22 |
| II-3 | 22 | 21 | IV-3 | 26 | 21 |
| II-4 | 24 | 24 | IV-4 | 24 | 19 |
| II-5 | 19 | 25 | IV-5 | 22 | 23 |
| II-6 | 30 | 34 | IV-6 | 17 | 25 |
| II-7 | 16 | 16 | IV-7 | 17 | 13 |
| Вк.во II | 146 | 155 | Вк. во IV | 153 | 140 |
| | | | Вкупно ученици: | 595 | 577 |

Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици.

СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци систематски и континуирано ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.Раководителите на паралелките предаваат писмен извештај за изостаноците и поведението на учениците кои потоа од страна на стручните соработници табеларно и графички се средуваат во прегледи и споредуваат со податоци од минатата година.

Комплетниот извештај се анализира и на Наставнички совет при што се предлагаат и донесуваат потребни конкретни мерки и активности за намалување на отсуствата и подобрување на редовноста во наставата.

</td>
</tr>
</table>

Се потенцира важноста на соработката ученик – родител - наставник.

Термините за средби на родителите со наставниците и e-mailадресите на наставниците и стручните соработници се истакнати на огласна табла и веб страната на училиштето. Се водат индивидуални и групни разговори со учениците кои имаат повеќе изостаноци од страна на класните раководители и стручната служба. Родителите навремено се информираат(дури 96% од анкетираните родители така одговориле) за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив, а во ситуации предвидени со Законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта се изрекуваат соодветни педагошки мерки во присуство на ученикот, родителот, класниот раководител, предметен наставник и стручен соработник.

За учениците со над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци се планираат и реализираат советувања на родители на ученици и ученици од страна на психологот и за истите се води уредна евиденција.

Споредбената анализа на изостаноците во последните две година покажува дека има намалување на вкупниот број на изостаноци, намалување на оправданото и неоправданото отсуствување од наставата, односно има подобрување на редовноста.

| Изостаноци | Уч. 2023/2024 г. | | Уч. 2024/2025 г. | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Прос.бр. | Вкупно | Прос.бр. |
| Оправдани | 30413 | 51,11 | 27337 | 47,38 |
| Неоправдани | 1863 | 3,13 | 1753 | 3,04 |
| Вк.изостаноци | 32276 | 54,24 | 29090 | 50,42 |

Во учебната 2023/2024 година просечниот број на вкупниот број изостаноци е 54,24, а во 2024/2025 година просечниот број на вкупниот број на отсуства е 50,42.

Во учебната 2023/2024 година просечниот број на оправдани изостаноци е 51,11, а во 2024/2025 година просечниот број на оправдани е 47,38.

Просечниот број на неоправдани изостаноци исто така се намалува.Имено, во учебната 2023/2024 просечниот број на неоправдани изостаноци изнесуваше 3,13, во учебната 2024/2025 е 3,04неоправдани изостаноци по ученик.

На наставничките совети, на состаноците на ниво на активи, во разговорите на наставниците со учениците се разговара за причините за изостанувањето како и при советодавните разговори со учениците и родителите. Според учениците како причини за изостанувањето се наведува болест, неподготвеност, незаинтересираност,доцнење, неодговорност... др.

Во учебната 2024/2025 година е зголемен бројот на ученици со примерно поведение во однос на 2023/2024 година.Во учебната 2024/2025 година 97,75% од учениците имале примарно поведение, а во учебната 2023/2024 година 97,48%, имале примерно поведение. Во учебната 2024/2025 година нема ученици со незадоволително поведение.

На учениците со над 10 неоправдани изостаноци им се изрекуваат и педагошки мерки

| **Поведение** | **Уч. 2023/2024 г.** | | **Уч. 2024/2025 г.** | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **%** | **Вкупно** | **%** |
| Примерно | 580 | 97,48 | **564** | **97,75** |
| Добро | 13 | 2,18 | **13** | **2,25** |
| Незадоволително | 2 | 0,34 | **0** | **0** |
| | **595** | | **577** | |

Последните две години ист е бројот на учениците на кои им се изречени педагошки мерки (15).

| **Изречени педагошки мерки** | **Уч. 2023/2024 г.** | **Уч. 2024/2025 г** |
|---|---|---|
| **Вкупно:** | **15** | **15** |

| | |
|---|---|
| | 96% од анкетираните родители, се согласуваат дека училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и превзема активности за зголемување на редовноста. 84% од родителите се согласуваат дека училиштето успешно соработува со родителите за подобрување на редовноста на учениците.<br><br>Училиштето го следи осипувањето на учениците.<br>Во учебната 2023/2024 година 8 ученици сеново запишани, од кои 2 машки и 6 женски, а 9 се испишани од училиштето, од кои 1 машко и 8 женски.<br>Во учебната 2024/2025 г. 6 ученици (2 машки и 4 женски) се ново запишани, а 5 ученици (1 машки и 4 женски) се испишани од училиштето.<br>Учениците се испишани поради други професионални интереси и афинитети, поради промената на местото на живеење и преселување во друга држава.При преминување од едно во друго училиште се води неопходната комуникација за мотивите, обврските и се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација (преведници и др.). |

## Индикатор 2.3. Повторување на учениците

| **Теми:** | • **Ученици што не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Годишен извештај за успехот на училиштето во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година,<br>• Увид во педагошка евиденција и документација,<br>• Записник од наставнички совет,<br>• Закон за средно образование | Нема ученици кои ја повторувале годината во последните две години. Училиштето превзема навремени мерки за подобрување на постигнувањата на учениците<br>Доколку некој ученик ја повторува годината или не е задоволен од постигнатиот успех по одделни предмети има право да поднесе приговор согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Учениците и родителите се запознати со политиката за напредување на учениците и правото за поднесување приговор  во ситуациите на незадоволство со некои од годишните оценки.(73% од анкетираните родители се сложуваат дека училиштето ги запознава со политиката за напредување и правото на приговор...) |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | ❖ Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на постигнувањата, редовноста и поведението на учениците по квалификациони периоди,<br>❖ Средниот успех на ниво на училиште е висок (4,49),<br>❖ Голем број од учениците постигнуваат одличен успех во наставата,<br>❖ Високи резултати на учениците на државна матура,<br>❖ Организирање на дополнителна и додатна настава,<br>❖ Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите дадени од БРО,<br>❖ Учество на учениците на натпревари, саеми, фестивали, конкурсии постигнување на високи резултати,<br>❖ Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигнувањата на учениците,<br>❖ Редовноста и поведението на учениците се подобрува,<br>❖ Просечниот број на неоправдани изостаноци е помал од пет по ученик,<br>❖ Редовно и навремено советување на ученици и родители на ученици со намален успех, нередовност во наставата и несоодветно однесување. |
| СЛАБИ СТРАНИ | ❖ Недоволна заинтересираност на учениците кои постигнуваат послаби резултати во учењето или имаат потешкотии во учењето за посетување на дополнителна настава.<br>❖ Нема пропишана политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. |
| ИДНИ АКТИВНОСТИ | ❖ Мерки за подобрување на интересот и редовноста на учениците на часовите за дополнителна настава.<br>❖ Изготвување процедура за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. |

## Подрачје 3. Учење и настава

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 3.1 | Планирањенанаставниците | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | Наставенпроцес | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приод на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3 | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми за оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.6 | Известување за напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

## Индикатор 3.1. Планирања на наставниците

<table>
<tr><td rowspan="4">Теми:</td><td colspan="2">• Поддршка и следење на планирањата на наставниците</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Индивидуални планирања на наставниците</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Размена на искуства и информации при планирањето</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Распоред на часови</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изворинаподатоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Годишни глобални планови;<br>• Тематски планирања;<br>• Дневни подготовки и сценарија;<br>• Разговор со педагог и психолог;<br>• Разговор со социолог;<br>• Програма за работа на психолог;<br>• Програма за работа на педагог;<br>• Програма за работа на социолог;<br>• Забелешки од извршен увид на час;<br>• Записници од состаноците на стручните активи;<br>• Акциони планови на стручни активи;<br>• Покани за обуки и семинари;<br>• Извештаи за реализирани обуки;<br>• Програми за дополнителна и додатна настава;<br>• Критериуми за оценување на учениците;<br>• Анкетен прашалник за наставници (анкетирани се 30 наставници, 6 мажи и 24 жени).</td><td>Следењето на планирањата на наставниците го врши стручната (психолошко-педагошка) служба во училиштето и Директорот на училиштето. Два-трипати во текот на едно полугодие од нивна страна се врши проверка на планирањата на наставниците, а се врши и посета на час. Дел од нивните работни обврски е и поддршката што им ја даваат на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури. Од 2022 година во училиштето работи социолог, кој дава поддршка на наставниците и учениците во неговиот домен на работи и работни задачи, а во насока на подобрување на социоемоционалната клима во училницата.Поддршката од училиштето,се гледа и во организирање обуки во училиштето, во други градови и преку семинари. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, менаџментот во училница, примена на ИКТ во наставата, примена на Вештачка интелегенција, бизнис и претприемништво, современи наставни методи, електронско учење во училница, булинг, екологија и селекција на отпад, ментално здравје, ученичка компанија и други.<br>За реализација на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски планирања и дневни подготовки. Со реформите во стручното образование, од учебната 2019/2020 година, наставниците ги изготвуваат горенаведените планирања, модуларно дизајнирани, со воведување на новата Концепција за гимназиско образование од учебната 2025/2026 година, наставниците кои предаваат во прва година гимназиско образование реализираат настава според нови наставни програми. Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања според работниот календар, кои на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Стручната служба истите ги проверува и ги чува во посебни досиеја за секој наставник. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа.Во рамките на индивидуалните планирања, наставниците подготвуваат планови и програми за дополнителна и додатна настава, во кои се наведени темите кои се обработуваат, целите што треба да се постигнат и времето на реализација, наменети за ученици кои покажуваат послаби резултати и за талентираните ученици, планирања на писмени работи и тестови на знаења. Во тематските планирања, наставниците задолжително вклучуваат и процент на реализација на наставата со помош на информатичка технологија (30% вклученост на ИКТ во наставата) и помош од Вештачка интелегенција.Исто така, во планирањата на наставниците се вклучуваат и планирани наставни единици со теми од екологија (ЕКО-проект), според определени еко-стандарди, а се вклучувaати теми од областа на меѓуетничка интеграција во образованието (МИО проект).<br>Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување, со што на учениците им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност, доследност и објективност во оценувањето на учениците. Наставниците во училиштето поттикнуваат и самооценување на учениците како еден метод преку кој се постигнува поголема објективност во оценувањето. Голем дел од наставниците им задаваат редовно домашна задача на учениците: одвреме-навреме одговориле 73,33% од анкетираните наставници, 20% одговориле редовно, а 6,67% одговориле ретко за ефективно користење на времето на учениците.<br>Наставниците размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи 31,25% и во разговор со колеги од колективот 15,63%. Разговор со колеги од други училишта, при размената на информации, им помага на 3,12% од наставниците. Повеќето наставници дури 50% |

| | |
|---|---|
| | одговориле дека при планирањето на наставниот процес разговараат и во рамките на стручните активи, со колегите од училиштето и со колеги од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците од наставните предмети, и сектор:економија, право и трговија. Најголем дел од наставниците 66,67% сметаат дека размената на искуства и информации при планирањето многу им ја олеснува работата во планирањето, а дека средно им ја олеснува одговорле 33,33% од анкетираните. Ниту еден од наставниците не одговорил малку. Дури 73,34% од анкетираните наставници размената на искуства и информации при планирањето ја прават во текот на целата наставна година, 3,33% одговориле периодично и 23,33% одговориле кога се изготвуваатгодишните планирања.<br>Распоредот на часови го прават наставници од училиштетето, со консултација со стручната служба и наставниците, раководејќи се од различните потреби и интереси на учениците и тежината на предметот, што придонесува за поефективна настава. |

## Индикатор 3.2. Наставен процес

<table>
<tr><td rowspan="5">Теми:</td><td colspan="2">• Наставниформи и методи</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Избор на задачи, активности и ресурси</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Интеракцијапомеѓунаставниците и учениците</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Приодотнанаставникотконучениците</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Следење на наставниот процес</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изворинаподатоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Инструменти за следење на планирањата на наставниците;<br>• Инструменти за следење на реализацијата на наставниот час;<br>• Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>• Забелешки на психолошко-педагошката служба од увид на час;<br>• Годишни, тематски и дневни планирања;<br>• Годишни програми за работа на: директор, педагог, психолог и социолог;<br>• Анкетен прашалник за наставници;<br>• Анкетен прашалник за ученици (анкетирани се 100 ученици, од кои 25 машки и 75 женски);<br>• Сертификатинанаставници;<br>• Досие на секој наставник;<br>• Интерни белешки на наставниците;<br>• Дневници на паралелеките;<br>• Проекти на ученици.</td><td>За реализирање на наставата, наставниците користат разновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето. Методите кои ги користат се добро испланирани за да работат со учениците индивидуално, во тандем, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка и комуникација.<br>Разновидни наставни методи наставниците применуваат секојдневно 66,67%, двапати неделно 30% и по потреба – во зависност од наставниот материјал3,33%. Најчести форми и методи кои се користат се: фронтална форма, индивидуална, групна, тандемска форма, метод на усно излагање, интерпретативно-аналитички метод, метод на истражување, дебата и дискусија, ученички прашања за целисходно учење (УПЦУ), метод на играње улоги, текст-метод, знам, сакам да знам, научив и уште сакам да знам (ЗСНУ), метод: улога, публика, форма и тема (УПФТ), изготвување листа за аналитичко оценување во училница, метод на цртање, метод на решавање, метод на експеримент и други.<br>Анкетираните наставници применуваат ИКТ во наставата (често 50%, средно 46,67% и ретко 3,33%). На прашањето колку често наставниците користат Вештачка интелигенција во планирањето и реализацијата на наставните програми, ретко одговориле 70%, средно 23,33% и често 6,66% од анкетираните наставници. Во поглед на тоа, дали Вештачката интелигенција го олеснува планирањето и реализацијата на наставните програми, дури63,33% од наставниците одговориле</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | дека делумно се согласуваат, 20% не се согласуваат и со да, во потполност се согласуваат одговориле 16,66% од испитаните наставници. Во врска со прашањето дали Вештачката интелигенција ви го олеснува совладувањето на наставниот материјал, учениците одговориле: 63% *да, во потполност се согласувам*, 32% *делумно се согласувам* и 5% *не се согласувам*.<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности што треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, паметни табли, текстови, стручна литература, весници и списанија, Службен весник, документи и обрасци, телевизор, касетофон, клавинова, озвучување, географски и историски карти, глобус, закони, Устав, декларации, ЛЦД проектор, скенер, фудбалски и кошаркарски топки, модели на геометриски тела, прибор за цртање по геометрија, постери и др. За потребите на наставата во секоја училница се поставени телевизори како нагледни средства. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и прирачна литература. Често се користат и информации од Интернет и Вештачка интелегенција до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект и истиот, потоа го презентираат пред соучениците. Презентирањето, најчесто се врши со помош на ИКТ. Учениците се запознати со целите на наставата и учењето. На прашањето: Со колкав фонд на книги и стручна литература располага училиштето, 26,67% од анкетираните наставници одговориле*доволен*; 63,33% одговориле *среден* и 10% одговориле *недоволен*.<br>Во процесот на подучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу наставниците и учениците. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување бура на идеи, поттикнување критичкото размислување, дебата и дискусија и други. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата |

| | |
|---|---|
| | паралелка, а исто така, позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет, на Класен совет, Совет на родители итн.<br>Често, наставниците користат и алатки за учење на далечина, што подразбира користење ИКТ во наставата, со цел уште поголемо поттикнување заинтересираност кај учениците за учење и задоволување на нивните потреби од пошироки научни сознанија, а тоа го прават преку: електронска пошта, Moodle, Kahoot, Microsoft Teams, Zoom, социјални мрежи: Messenger, Viber, интернет истражувања.<br>Најголем дел од наставниците 56,67% сметаат дека учењето во училница е многу-активно; средно-активно сметаат 43,33%; а ниту еден од испитаните наставници не смета дека учењето во училница е малку-активно.<br>Сите наставници ја почитуваат личноста на ученикот, не им се обраќаат со погрдни и навредливи зборови. 69% од анкетираните ученици одговориле дека наставниците многу ретко со навредливи зборови им се обраќаат на учениците, 24% од нив одговориле дека таквото обраќање е во одделни случаи, а 7% од анкетираните ученици одговориле дека тоа е во повеќе случаи. Наставниците немаат стереотипи за машки и женски активности и професии, и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. 100% од анкетираните наставници одговориле дека немаат стереотипи. Исто така, 100% од анкетираните наставници одговориле дека подеднакво ги испрашуваат и машките, и женските ученици.<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час во првото и/или второто полугодие од учебната година, од Директорот и психолошко-педагошката служба. Добиените резултати од направениот увид на час, потоа се разменуваат на ниво на стручен актив, со цел подобрување на наставниот процес. |

## Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето

<table>
<tr><td rowspan="4">Теми:</td><td colspan="2">• Средина за учење</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Атмосфера за учење</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Поттикнување на учениците за преземање одговорност</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изворинаподатоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Анкетен прашалник за ученици;<br>• Анкетен прашалник за наставници;<br>• Годишна програма на училиштето;<br>• Програма за работа на Еко-одборот;<br>• Трудовинаучениците;<br>• Извештаи од активностите од проектот Дете- правобранител;<br>• Фотографии;<br>• Протокол за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците.</td><td>На учениците им се допаѓа средината за учење во училиштето. Доказ за тоа е големиот број на ученици кои аплицираат за упис во прва година (било во гимназиските паралелки, било во стручните). Учениците сметаат дека училниците се во уредна состојба. Трудовите на учениците редовно се истакнуваат во училница и на паноа во холот каде можат да бидат видени од другите ученици. Со трудовите на учениците се разубавуваат училниците и холот на училиштето. Трудовите на учениците се истакнуваат и на три огласни табли обезбедени од проектот „Дете правобранител”, на кои се изложени литературните и ликовните творби на учениците за потребите на проектот, а таблите се користат и за други потреби на учениците и училиштетото. Од анкетираните ученици, 86% сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен на некои часови, на сите часови - одговориле7% од анкетираните ученици, а други 7% одговориле дека тоа зависи од наставната единица што се обработува на час.<br>Од анкетираните ученици, 39% сметаат дека она што се учи во училиштето многу ќе им користи во секојдневниот живот, дека малку ќе им користи одговориле 52% од учениците, а само 9% од учениците одговориле дека воопшто нема да им користи. На прашањето: Колку често наставниците Ве охрабруваат да преземате лична одговорност, т.е. самостојно да размислувате, 42% од анкетираните ученици одговориле секогаш, 47% одговориле понекогаш, 8% одговориле ретко, а само 3% од учениците одговориле никогаш. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се пројавуваат</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | одговориле 26% од анкетираните ученици, преку постојано прашување одговориле 31% од анкетираните ученици, преку изработка на проекти одговориле 9% од анкетираните ученици и преку сѐ претходно наведено одговориле 34%.<br>Дека средината во која учат и реализираат настава е мотивирачка, стимулативна, инклузивна и интеркултурна што кај нив поттикнува интерес за учење, 38% одучениците одговориле: *Да, во потполност се согласувам*, 44% одговориле: *Делумно се согласувам* и 18% одговориле: *Не се согласувам.*<br>Од месец септември 2023 година во училиштето се применува Протокол за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците, донесен и усвоен од училиштето. На прашањето: Дали примената на Протоколот за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците ќе ја подобри ефективноста на наставата, 53,34% од наставниците одговориле: *Да, во потполност сесогласувам*; 33,33% одговориле: *Делумно се согласувам*; а 13,33% одговориле дека не се согласуваат.<br>На истото прашање: Дали примената на Протоколот за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците ќе ја подобри ефективноста на наставата, 12% од учениците одговориле: *Да, во потполност сесогласувам*, 46% одговориле: *Делумно се согласувам*, а 42% одговориле дека не се согласуваат.<br>Учениците средно можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми, 65% од анкетираните ученици дале таков одговор; 12% одговориле *малку*, а 23% одговориле *многу*.<br>Учениците сметаат дека соработката меѓу учениците во училиштето *среднозадоволува,* таков одговор дале 48% од анкетираните ученици; 14% одговориле *не едоволно добра*, а 38% одговориле *одлична*. Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на Денот на екологијата (21 Март), Европски ден на правда (25 Октомври), Денот за заштита на водите (22 Март), Денот на планетата Земја (22 Април), Светски ден на заштита на животната |

| | |
|---|---|
| | средина (5 Јуни), Денот за здрава храна (16 Октомври), Денот на чистиот воздух (3 Ноември), патронниот празник на училиштето, во организирање театарски претстави, организирање ораторска вечер, манифестации по повод Нова година, Денот на жената, Денот на словенските просветители Кирил и Методиј, крводарителски акции, хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни научно-истражувачки екскурзии, организирање училишен натпревар во шах за учениците од прва до четврта година, активности на Дете-правобранител, настапи на саеми и Младинската организација при училиштето, учество на „Образовно рандеву" – манифестација за учениците од стручните паралелки, учество на Европски квиз на пари, учество на натпревари по сите наставни предмети, посета на музеи, институции, организации и трговски друштва, учество на еколошки натпревари организирани од граѓанското здружение „ОХО", редовно чистење на брегот на Тиквешкото Езеро со граѓанското здружение „Еко-живот", работилници, учество на „Тиквешки гроздобер", возење велосипеди и пешачење по повод Меѓународен ден без автомобили, одбележување на јаболкоберот во Република Северна Македонија итн.<br>Од 2010 година училиштето е вклучено во проектот „Еко-училиште", за која цел е формиран и Еко-одбор од наставници. Нивната активност во училиштето се гледа преку организирање еко-трибини, советувања, презентации, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на паноа на видно место со трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви итн. На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за конзумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее. Во своите тематски планирања секој наставник треба да внесе еко-содржина која ќе одговара на наставиот материјал, како би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе –учениците.<br>Од 2011 година,училиштето беше вклучено во проектот „Имплементација на Конвенцијата за детски права во Р.Македонија" на Коалиција СЕГА, а во соработка со детската фондација „Песталоци". По завршувањето на соработката со коалицијата „СЕГА", училиштето самостојно го споведува |

| | |
|---|---|
| | проектот Ученичко учество и заштита на правата на учениците, кој предвидува посебен модел на избор и функционирање на заедници на паралелката и Ученички совет, избор и функционирање на Дете правобранител и негови заменици, организирање на работилници, дебати и трибини. Во рамките на овој проект се одржуваат редовни состаноци на Ученичкиот совет, дебати на теми поврзани со наставата и престојот на учениците во училиштето („Семејството го создава насилникот” „Иднината ја гледам во мојата татковина”), еколошки акции (Еколошки предизвик), организирање на изложби (Добри Даскалов и неговото време) и хуманитарни акции. Дете правобранителот реализира работилници со цел да се запознаат учениците со Детските права(„Моја одлука твоја одлука”, „Запознај ги твоите права”),<br>Секоја учебна година учениците активно се вклучуваат во одржување и адаптирање на училишниот простор и двор. Во учебната 2018/2019 година, компанијата „Пако-Мак” од Скопје донираше контејнери за селекција на отпад. Исто така, во училишниот двор се поставија  нови клупи и корпи за отпадоци.<br>Во анкетниот прашалник, како предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето, учениците ги наведуваат следните: учениците да бидат вклучени во повеќе проекти, да постои повеќе тимска работа, работа во групи, да се организираат дебати, да се изведува практична настава, да се учи за знаење, а не за оценка, да постои поголема соработка и комуникација помеѓу учениците, да се набават паметни табли и ЛЦД проектори, да се изработуваат повеќе проектни задачи и презентации, да има часови во природа. |

## Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |

| **Изворинаподатоци** | |
|---|---|
| • Анкетен прашалник за ученици;<br>• Анкетен прашалник за наставници;<br>• Записници на Ученичката заедница;<br>• Евиденција на стручната служба;<br>• Записници од Наставнички совет;<br>• Записници од Класни совети;<br>• Записници од Совет на родители;<br>• Наставни планови и програми;<br>• Сертификати на наставници;<br>• Записнициод класните раководители;<br>• Евиденција за ученици кај психолог и педагог;<br>• Евиденција за ученици кај психолог и педагог;<br>• Евиденција за ученици кај социолог;<br>• Програми за дополнителна и додатна настава. | Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниот раководител на класните часови, а наставниците разговараат на Наставнички совет, на Класните совети и на Совет на родители. Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку избор на предмети во функција на државна матура, училишна матура или завршен испит. Секој ученик, во согласност со своите афинитети, избира наставни предмети кои ќе му бидат потребни за упис на факултет. Изборот на подрачјето што ќе го изучуваат учениците од гимназиските паралелки, го прават при уписот во прва година. Во зависност од своите афинитети, секој ученик од гимназиско образование, секоја учебна година,  избира пректни активности што ќе ги реализира во учебната година, а избира и изборни предмети(на крајот од прва година). Учениците од сектор: Економија, право и трговија, со профилите: економски техничар и правен техничар,на крајот од втора година избираат модулшто ќе го изучуваат во трета и четврта година.Учениците од стручните паралелки, секоја учебна година,  избираат програма што ќе ја реализираат на часовите именувани како Содржини програмирани од училиштето.Со почеток на реализација на реформирано стручно образование (според наставни програми што се модуларно дизајнирани), од учебната 2019/2020 година, учениците реализираат феријална практика кај работодавачи со кои училиштето има склучено Договор за реализирање феријална практика, со што се задоволуваат образовните потреби на учениците од практична обука и нивна подготовка за конкурирање на пазарот на трудот.<br>Учениците во училиштето за своите образовни потреби, постигања и проблеми разговараат и дискутираат на ниво на Ученичка заедница, која има претставници од секој клас од секоја година. За проблемите во врска со учењето секој ученик може |

| | |
|---|---|
| | да се обрати и до психолошко-педагошката служба да разговора за потешкотиите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките. Од минатата година, во поддршката на учениците  за решавање различни нивни проблеми, е вклучен и училишниот социолог преку: грижа на училиштето за здравјето на учениците, вклучување на учениците во соработка со Локалната самоуправа,, невладиниот сектор, вклучување на учениците во Дебатен клуб и организирање дебати, советодавна помош во врска со учењето и постигнувањата, изнаоѓање начини за подобрување на социоемоционалната клима во училницата и сл..<br>За одделни проблеми, учениците може да се заложат за нивно решавање преку институцијата Дете-правобранител.<br>Сите наставници поминаа неколку обуки за унапредување на образовниот процес и истите користат различни техники на поучување и оценување. Наставниците водат грижа за образовните потреби на учениците преку: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, преку задавање домашна задача, преку задавање индивидуални проекти и задачи според способностите на ученикот, консултации во врска со наставниот процес (пример, државна матура), разговор за нивните амбиции, индивидуални разговори за разни теми, колективни разговори за разни теми, преку подготовка и учество на учениците на општински и државни натпревари, тестирања за професионална ориентација, тестирања за особини на личноста, разговори за проблеми од лична природа, индивидуални разговори со ученикот и неговите родители, правење проценка од страна на наставникот, водење евиденција за активностите на учениците на секој час, редовно следење на напредокот на учениците  и идентификување на областите на кои тие треба да посветат повеќе внимание, преку поставување прашања и согледување на нивните одговори, сослушување на проблемите на учениците и нудењето помош и поддршка (психолошка и едукативна), разговор со наставниците од училиштето, учество во решавање нејасни работи. |

## Индикатор 3.5. Оценувањето како дел од наставата

| Теми: | |
|---|---|
| | • **Училишна политика за оценување** |
| | • **Методи и форми на оценување** |
| | • **Користење на информациите од оценувањето во наставата** |

| Изворинаподатоци | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Стандардизаоценување;<br>• Критериуми за оценување;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Анкетен прашалник за ученици ;<br>• Анкетен прашалник за наставници;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците;<br>• Евидентни листови на учениците;<br>• Свидетелства за ученици. | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат нумерички со оценки од Недоволен (1) до Одличен (5). Проектните активности што се реализираат се оценуваат описно („ученикот реализирал проектна активност”). Содржините програмирани од училиштето, за учениците од стручното образование, се оценуваатсо оценки од Недоволен (1) до Одличен (5), но оценките не влегуваат во општиот успех на ученикот. Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознати со стандардите и критериумите за оценување. Поголем дел од предметните наставници посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување).<br>Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: устни проверки, писмени работи, тестови на знаење, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста, активноста за време на часот итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која, пак, во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања и да ја |

| | |
|---|---|
| | јакнат својата самодоверба.<br>При оценувањето на учениците, наставниците користат критериуми за оценување за секоја тема, запазувајќи ги нивоата што треба да ги постигне секој ученик за секоја оценка. Со овие критериуми за оценување, учениците се запознати уште на почетокот на наставната година,со што се постигнува објективност во оценувањето.<br>На прашањето: При оценувањето наставниците користат различни техники, со што Ве мотивираат да учите и да го постигнете својот максимум?, 53% од учениците одговориле *мал број на наставници*, 40% од учениците одговориле *поголем број наставници* и 7% од учениците одговориле *сите наставници*.<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивниот напредок. Тие информации им се даваат директно (100% од наставниците дале таков одговор). Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. Од анкетираните ученици, секогаш одговориле 25% од учениците, 39% одговориле дека мал број наставници им даваат повратна информација за нивните остварени постигнувања, а 32% одговориле дека тоа го прават поголем број на наставници (одговор *ситенаставници* дале 4% од анкетираните ученици). |

## Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците

| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|
| **Изворинаподатоци** | |
| • Интернетпортал;<br>• Електронскидневник;<br>• Социјални мрежи;<br>• Кодекс на однесување на учениците;<br>• Протокол за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците.<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Анкетен прашалник за наставници;<br>• Интервју со психолог;<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>• Евидентни листови;<br>• Свидетелства;<br>• Дипломи. | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четирипати годишно, индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста, укажување на грешки и давање предлог-мерки (помош) за исправње на грешките, правилното користење на мобилните телефони итн. Од анкетираните наставници, 90% одговориле дека секогаш разговараат со учениците за нивниот напредок, а 10% од анкетираните одговориле дека тоа го прават понекогаш. За напредокот на учениците 90% од анкетираните наставници одговориле дека секогаш прават белешки, а 10% од анкетираните одговориле дека тоа го прават понекогаш.<br>Родителите добиваат и пишани документи за напредокот на нивните деца - учениците: евидентни листови, свидетелства и дипломи (на крајот од четврта година) со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, реализираните проектни активности, реализираните содржини програмирани од училиштето, бројот на изостаноци.За напредокот на нивните деца, родителите добиваат информации и преку спроведуваните советувања на родители, од психологот при Гимназијата, што се задолжителни од февруари 2012 година, за |

| | |
|---|---|
| | родителите на оние ученици кои покажуваат послаби резултати по три основи: нередовност во наставата, намален успех во учењето и несоодветно однесување во училиштето.<br>Училиштето има и веб-портал на кој се објавуваат значајни настани, манифестации и случувања во училиштето, а во кои директни учесници се учениците. Училиштето пласира значајни информации за воспитно-образовната дејност и постигањата на учениците и преку социјалните мрежи. Преку реализираните манифестации, натпревари и случувања до израз доаѓаат постигањата, талентите и афинитетите на учениците. Па, оттука, преку јавното објавување на информации од ваква природа, јавноста се запознава со сите случувања и напредувања на учениците од училиштето., што е еден вид и промоција на истите и на училиштето, воопшто.<br>Од месец март 2012 година се започна со електронска евиденција на постигањата на учениците т.е. водење на електронски дневник. Во функција на транспарентноста, е-дневникот е дел од училишниот веб-портал на кој секој родител може лесно да пристапи и да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, изработените писмени работи и тестови на знаење, поведението итн. Родителите се информираат и преку СМС пораки, поврзани со електронскиот дневник, што ги добиваат на нивните мобилни телефони. |

| | |
|---|---|
| ***РЕЗУЛТАТИ*** | |
| ***ЈАКИ СТРАНИ*** | ❖ Наставниците изработуваат квалитетни годишни глобални планови, тематски планови и дневни подготовки, програми за дополнителна и додатна настава, критериуми за оценување, со што наставата се изведува ефективно;<br>❖ Наставниците ги посетуваат сите обуки за унапредување на образовниот процес;<br>❖ Наставниците користат современи форми и методи на наставна работа;<br>❖ Во училиштето работат наставници кај кои постои желба за усовршување и напредок;<br>❖ Наставниците водат голема грижа за воспитната компонента на образовниот процес;<br>❖ Наставниците ги вклучуваат учениците во наставата преку разновидни форми;<br>❖ Училиштето позитивно ги насочува учениците, како машките ученици, така и женските ученици, а исто така и учениците со различно етничко и социјално потекло, без оглед на полот;<br>❖ Напредувањето на учениците е следено од страна на наставниците преку разновидни форми, со внесување новини и креативност во наставата;<br>❖ Наставниците соработуваат со родителите, а во насока на правилно оформување на личноста на нивните деца;<br>❖ Наставниците водат електронски дневник за побрзо и потранспарентно информирање на родителите за напредокот на нивните деца;<br>❖ Училиштето ги поттикнува учениците преку училишната заедница да се активираат и изработуваат училишни проекти. |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Средно охрабрувањето на учениците за преземање лична одговорност т.е.самостојно размислување;<br>❖ Дел од наставниците некористат различни техники при оценувањето, преку кои ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум;<br>❖ Средината во која учат и реализираат настава за учениците е делумно мотивирачка, стимулативна, инклузивна и интеркултурна, за истата кај учениците да поттикнува интерес за учење;<br>❖ Учењето во училница е средно-активно и динамично. |

# Подрачје 4. Поддршка на учениците

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| 4.2 | Здравје | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| 4.3 | Советодавна помош за понатамошно образование на учениците | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| 4.4 | Следење на напредноста | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците

<table>
<tr><td rowspan="6">Теми:</td><td colspan="2">• Заштита од физички повреди и елементарни непогоди</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Превенција од насилство</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Заштита од пушење, алкохол и дрога</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Квалитет на достапна храна</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоците</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Годишна програма на училиштето<br>• Правилник на однесување во училиштето<br>• Закон за средно образование<br>• Увид во просториите на училиштето и училишниот двор<br>• Фотографии од симулации ( прва помош и заштита)<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Евиденција од предметни наставници<br>• Книга за дежурства<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од Совет на родители<br>• Извештај од стручната служба за работилници, трибини<br>• Белешки од класен раководител<br>• Разговор со ученици</td><td>Училиштето претставува безбеден простор за учениците во текот на изведувањето на наставата и вонnаставните активности.<br>Инфраструктурата во училиштето ( мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и дворот. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Одбележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите, според капацитетот, училиштето располага со 18 ПП апарати, кои ги задоволуваат потребите за сигурност на училиштето, исто така изготвен е правилник за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди. Во училиштето има одбележани патокази кон излезите на училиштето во случај на елементарни непогоди, при што сите излези се прилагодени со отворање кон надвор. Во училиштето во договор со против пожарната служба на општина Кавадарци се обучуваат по двајца ученика од секој клас за ракување со ПП апарати во случај на пожар од страна на стручно лице. Во училиштето се обучува група на ученици за прва помош и заштита кои изведуваат практични вежби – симулација и редовно учествуваат на натпревари од оваа област исто така постои обучен кадар (наставници) за давање прва медицинска помош и заштита при несреќен случај во училиштето. Во иднина се планира обука за прва помош и заштита на целиот</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • Фотографии од еко трпеза<br>• Извештај од работењето на ЕКО одборот<br>• Веб страна на училиштето<br>• Увид на час<br>• Програма за работа на директор<br>• Анкета за наставници, ученици и родители | наставен кадар, за правилно постапување во случаи на несреќа во училиштето. Училиштето располага со прирачна аптека и ранци за прва помош и заштита, кои во согласност со рокот на употреба на опремата за користење редовно се обновуваат.<br>Училиштето води голема грижа за заштита на учениците при изведување на практична настава по одредени предмети од природните науки: физика, хемија и биологија, кога вршат опити и експерименти наставата се изведуваат во специјализирани училници-кабинети, секогаш во присуство на предметниот наставник. Групата која го изведува експериментот, ги презема сите мерки за претпазливост пред неговото изведување, т.е. наставникот ги едуцира како треба да се заштитат или како да реагираат во случај на ненамерна грешка.<br>За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата која се изведува во една смена има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморот во училиштето и училишниот двор. За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, училиштето е под видео надзор (влезови, холот, ходниците, канцеларија ). За подигање на чувството на безбедност кај учениците придонесува и присутноста на лице задолжено за обезбедување и присуството на припадник на полициските сили кој прави обиколка на училиштето и секогаш е достапен за потреба на училиштето, а тоа е согласно со соработката на училиштето со ПС-ОН Кавадарци.<br>Училиштето има воспоставена политика за заштита на децата и формиран тим за заштита од насилство, со цел навремено и непристрасно постапување при сите облици на психичко, физичко и сексуално насилство. Во согласност со позитивните законски прописи и донесените интерни акти, училиштето презема соодветни мерки кон сите неприфатливи облици на однесување. Според Правилникот за однесување на учениците, сите форми на психичко и физичко насилство се строго забранети.<br>Во рамки на овие активности, ученици под менторство на одредени наставници имаа можност да создадат и уметнички содржини со едукативна цел: снимен е краток филм под наслов „Роза на асфалтот“ кој освои прво место на државниот натпревар МАССУМ 2023/2024, и изведен е перформанс/видео-спот под наслов „Насилството има ново лице-сајбер насилство“ а во планираните активности е снимање на нов филм под наслов „Минуваат ли облаците“? Овие проекти ја |

| | |
|---|---|
| | поттикнуваат свеста за еднаквост, емпатија и превенција од сите форми на насилство, вклучувајќи го и дигиталното. Дополнително, учениците имаат право и можност да се обратат за поддршка кај педагошко–психолошката служба во случај на лични, социјални или образовни тешкотии, обезбедувајќи безбедна, поддржувачка и инклузивна училишна средина<br>За постоењето и помошта од психолошко – педагошката служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од класниот раководител на класен час, родителите на родителска средба и Советот на родители како орган од претставници на родители на деца кои посетуваат настава во нашето училиште на нивниот состанок. Стручната служба во согласност со годишната програма на училиштето организира работилници и трибини, преку кои учениците се насочуваат да препознаваат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, омраза и други типови на нетрпение во училиштето.<br>Известувањето за учениците за кои постои сомневање дека се физички или ментално злоупотребени, се врши преку предметниот наставник кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици до класниот раководител. Тој пак се обидува на дискретен начин да го упати до училишниот психолог, кој може да му ја пружи најсоодветната стручна помош или, пак , да го упати во соодветна институција на локалната заедница, воедно се контактира и разговара и со родителот на ученикот. Ваквиот пристап ќе му помогне на ученикот полесно да ги надмине последиците од сето тоа.<br>Училиштето е вклучено во Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ како иницијатива која започна во септември 2023 година, со цел да се спречи насилството во основните и средните училишта во Северна Македонија. Проектот се реализира во соработка со Коалицијата на младински организации „СЕГА“и други партнери, а е финансиран од Детската фондација Песталоци. Цели на проектот се:<br>• Спречување на насилство: Проектот има за цел да спречи различни форми на насилство, вклучувајќи вербално, физичко и емоционално насилство, како и сајбер-насилство.<br>• Подобрување на образованието: Учениците кои се жртви на насилство имаат поголеми шанси за отпад од училиште, послаби академски резултати и |

| | |
|---|---|
| | поголем ризик од злоупотреба на дрога.<br>• Поддршка за наставниците и учениците: Обезбедување на ресурси и обуки за наставниците и учениците за препознавање и справување со насилството.<br>Во рамките на овој проект нашето училиште реализира :<br>• Обуки и работилници: Организирање на обуки и работилници за учениците, наставниците и родителите за важноста на безбедната училишна средина.<br>• Развој на политики: Развој и имплементација на политики и процедури за спречување на насилството во училиштата.<br>• Партнерства: Соработка со различни институции и организации за поддршка и имплементација на проектот.<br>Училиштето стана дел од мрежата на Суперучилишта. На 20 септември 2024 година, официјално беа потпишани договорите помеѓу партнер-училиштата и Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO) со што нашето училиште стана дел од семејството на Суперучилишта. Шемата за размена на суперучилишта е регионална шема за размена на средни училишта која има за цел да ги поддржи процесите за градење мир и помирување во Западен Балкан преку партнерства помеѓу училишта од шесте држави од Западен Балкан: Србија, Црна Гора, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и РС Македонија. Програмата за суперучилишта има за цел да понуди можности за регионална соработка и стекнување меѓукултурни компетенции како основа за напорите за помирување и градење мир во регионот. Проектот под наслов Stand up – don’t stand by (Спротивстави се – не стој настрана) има за цел преку работилници да ги опреми учениците со алатки и начини за справување со насилство (булинг) и говор на омраза, со крајна цел да се обезбеди безбедна училишна средина за сите ученици. При изборот на учесници се дава предност на деца кои доаѓаат од дисфункционални семејства, еднородителски семејства, деца на разведени родители, социјално-ранливи категории на деца, деца со попреченост или деца кои претходно немале можност да патуваат/учествуваат на проекти/размени.<br>Училиштето во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ отвори ученичко катче. Овој простор – ученичко катче произлезе по иницијатива на самите ученици, а со поддршка и менторство на наставниците. Неговата |

| | |
|---|---|
| | реализацијата е со финансиски средства добиени од самиот проект и не претставува само уште еден дел од училиштето, туку место кое поттикнува дружење, креативност и заедничко учење. Со создавањето на ученичкото катче и активностите што се спроведуваат во училишното катче, во училиштето се внесе топлина и позитивност и се поттикнува меѓусебната поддршка, а воедно и придонесува и за активно вклучување на учениците во училишните активности.Преку активностите во училишното катче учениците учат подобро да соработуваат, подобро да комуницираат, им развива и критичкото размислување и креативноста, а истовремено се чувствуваат послободни да ги изразуваат своите мислења и идеи.<br>Со планираните активности се зајакнуваат односите меѓу професор – ученик и се поттикне поголема доверба.<br>Врз основа на наведеното учениците активно земат учество во работилници во склоп на училиштето, како и во општината и надвор од неа.Во работилници се едуцираат за меѓу ученичките и меѓу човечките односи со акцент на миротубливост помош, сочувство, соработка, толеранција.<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (канцеларијата, училниците, кабинетите, ходниците, спортска сала, спортски терени, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во училиштето се одбележува Светскиот ден против пушењето, кога учениците заедно учествуваат во низа интерактивни активности. Тие организираат работилници и дискусии, споделуваат пораки и постери за штетното влијание на пушењето и разговараат за здрави навики во секојдневниот живот. Преку тимската работа, размислувања и размена на искуства, учениците се охрабруваат едни други да донесуваат правилни одлуки за своето здравје и да ја промовираат културата на живот без штетни навики. На овој начин, Светскиот ден против пушењето станува не само едукативен, туку и заеднички настан кој ги обединува учениците околу идејата за здрава и поддржувачка училишна средина.“<br>Со цел да се добие реална слика за перцепцијата на учениците и наставниците за безбедноста и грижата во училиштето, спроведена е анонимна анкета. Во |

| | |
|---|---|
| | продолжение се прикажани резултатите поделени по три групи-наставници, ученици и родители.<br>Резултати од наставници:<br>• Општа безбедност на зградата и дворот (мебел, скали, подови, прозорци, струјни приклучоци) – скала 1–5: 0 % (1), 2,8 % (2), 2,8 (3), 36,1 % (4), 58,3 (5).<br>• Потенцијално опасни места (шахти, штекери, др.) се соодветно заштитени – 73% „да“, 24,3 % „делумно“, 2,7 % „не“.<br>• Сигнализацијата за евакуација е јасна и видлива – 91,9 % „да“, 8,1 % „делумно“, 0 % „не“.<br>• Училиштето располага со доволен број противпожарни апарати и редовно ги сервисира – 86,5 % „да“, 13,5„делумно“, 0 % „не“.<br>• Наставниците се доволно информирани за постапување при пожар или елементарна непогода – 67,6 % „да“, 21,6 % „делумно“, 10,8 % „не“.<br>• Запознаени со политиката за заштита на децата и тимот за заштита од насилство – 69,4 % „да“, 26 % „делумно“, 5,6 % „не“.<br>• Активностите за здрава исхрана и еколошка свест имаат позитивно влијание – 78,4% „да“, 21,6 % „делумно“, 0 % „не“.<br>• Присуството на дежурни наставници за време на одмор придонесува за безбедност – 77,8 % „да“, 22,2 % „делумно“, 0 % „не“.<br>• Училиштето обезбедува доволно обуки/семинари за безбедност, инклузија и психосоцијална поддршка – 64,9 % „да“, 29,7 % „делумно“, 5,4 % „не“.<br>• Комуникацијата помеѓу наставничкиот кадар, стручната служба и родителите при инциденти или кризни ситуации – скала 1–5: 0 % (1), 2,7 % (2), 10,8 % (3), 32,4 % (4), 54,1 % (5).<br>• Чувство дека предлозите и забелешките на наставниците за подобрување на безбедноста се слушаат од страна на раководството – скала 1–5: 2,8 % (1), 5,6 % (2), 5,6 % (3), 16,7 % (4), 69,4 % (5).<br>Резултати од ученици:<br>• Чувство на сигурност за време на часови, одмори и вонаставни активности – 92,9 % „секогаш“, 4,3 % „понекогаш“, 2,9 % „ретко“.<br>• Знаење за постапување во случај на пожар или друга опасност – 75,4 % „да“, |

23,2 % „делумно“, 1,4 % „не“.

- Доволно активности за спречување насилство и малтретирање – скала 1–5: 7,1 % (1), 7,1 % (2), 11,4 % (3), 32,9 % (4), 41,4 % (5).
- Општа безбедност на училиштето (зграда, двор, училници) – скала 1–5: 2,9 % (1), 2,9 % (2), 5,7 % (3), 25,7 % (4), 62,9 % (5).
- Знаење кому да се обратат ако тие или пријател се жртви на насилство/имаат проблем 91,4 % „да“, 7,1 % „делумно“, 1,4 % „не“.
- Достапност и подготвеност на стручната служба (психолог, педагог, социолог) – скала 1–5: 1,4 % (1), 1,4 % (2), 5,7 % (3), 18,6 % (4), 72,9 % (5).
- Изборни предмети и проектни активности помагаат да се развијат интересите – скала 1–5: 8,6 % (1), 2,9 % (2), 14,3 % (3), 22,9 % (4), 51,4 % (5).
- Учеството во дигитални проекти (веб-страница, социјални мрежи, презентации, постери, видеа) помогнало да се стекнат нови вештини – скала 1–5: 4,3 % (1), 5,8 % (2), 11,6 % (3), 27,5 % (4), 50,7 % (5).
- Феријална практика и учење преку работа се корисни (за стручно образование) – скала 1–5: 0 % (1), 0 % (2), 7,2 % (3), 11,6 % (4), 81,2 % (5).
- Наставниците и стручните лица ја почитуваат личноста и мислењето на учениците – скала 1–5: 7,4 % (1), 7,4 % (2), 2,9 % (3), 27,9 % (4), 54,4 % (5).

Резултати од родители:

- Општата безбедност на училиштето (зграда, двор, училници) – скала 1–5: 0 % (1), 0 % (2), 3,6 % (3), 38,6 % (4), 57,8% (5).
- Училиштето има соодветни мерки за заштита (обезбедување, видео надзор, противпожарна заштита) – 78 % „да“, 21,7 % „делумно“, 0 % „не“.
- Достапност и посветеност на стручната служба (психолог, педагог, социолог) во поддршка на учениците – скала 1–5: 0 % (1), 1,2 % (2), 2,4 % (3), 20.5 % (4), 75,9 % (5).
- Комуникација со класниот раководител и останатите наставници – скала 1–5: 0 % (1), 0 % (2), 7,2 % (3), 21,7 % (4), 71,1 % (5).
- Родителските средби се доволно информативни и корисни – скала 1–5: 0 % (1), 0 % (2), 3,6 % (3), 16,9% (4), 79,5 % (5).
- Училиштето редовно информира за напредокот и однесувањето на вашето

| | |
|---|---|
| | дете – 78,3 % „да“, 20,5 % „делумно“, 1,2 % „не“.<br>• Задоволност од начинот на кој училиштето ги вклучува родителите во планирање на активности (екскурзии, проекти, настани) – 84,3 % „да“, 15,5 % „делумно“, 1,2 % „не“.<br>• Училиштето обезбедува доволно едукативни работилници или предавања за здравје, исхрана и превенција од штетни навики (пушење, алкохол, дрога) – 86,7 % „да“, 28,4 % „делумно“, 4,8% „не“.<br>• Чувство дека училиштето е достапно и отворено за предлози и забелешки – 80,7 % „да“, 18,1% „делумно“, 1,2 % „не“.<br>• Училиштето навремено известува за сите важни настани, промени и одлуки што се однесуваат на учениците – 88 % „да“, 10,8% „делумно“, 1,2 % „не“.<br>• Училиштето обезбедува безбедна и чиста средина – 90,4 % „да“, 9,6 % „делумно“, 0 % „не“.<br>Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето, стручната служба воспоставува соработка со соодветни институции од локалната заедница (ПС-ОН Кавадарци, ЦК Кавадарци ) и организира предавања од стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога. Центарот за јавно здравје одржа работилница со наставниот кадар за пружење прва помош при повреда. Ваквите предавања се од голема корист за учениците да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците. Дополнителна едукација, учениците за превенција добиваат по одделни предмети, проектни активности, трибини. Што се однесува на исхраната на учениците во училиштето нема организирано достава на храна и истото не располага со кујна и менза за учениците. Надвор од училишниот двор постојат неколку продавници за бели пецива од кои учениците се снабдуваат со храна додека се на училиште, кои по сознание на училиштето подлежат на редовна контрола од страна на санитарната инспекција за проверка и утврдување на квалитетот на храната, во согласност со законските правила за производство и продажба.<br>„Во рамките на кампањата „Здрава храна за живот без мана“, ЕКО одборот на училиштето, заедно со учениците, спроведува низа активности кои имаат за цел да |

| | |
|---|---|
| | ја промовираат здравата и органска исхрана. Учениците со голем ентузијазам учествуваат во организирање на еко трпези, Ден на зеленчук, Ден на овошје, Ден на топли напитоци и други тематски денови, при што секоја активност е збогатена со пораки, постери и фотографии кои ги мотивираат нивните врсници да се грижат за своето здравје. Тие самите подготвуваат едукативни материјали, споделуваат рецепти за здрави оброци и организираат работилници во кои демонстрираат како правилната исхрана влијае на енергијата, расположението и општото здравје. Преку овие активности, учениците не само што учат за важноста на храната и нејзиното влијание врз телото, туку и стануваат вистински промотори на здрав живот во својата училишна заедница.Со својата креативност и посветеност, тие придонесуваат за создавање на пријателска, здрава и еколошки свесна средина, во која секој ученик се чувствува поддржан и мотивиран да се грижи за сопственото здравје и за здравјето на заедницата.“<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето соработува со родителите и други релевантни институции во обезбедување грижа за оваа категорија на ученици и настојува во поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца.<br>Пристапот во училиштето од трите влеза предвидени за ученици е целосно прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Тие можат непречено да се движат низ дворот и на првиот кат, поради што наставата за нив обично се одвива токму таму. Сепак, веднаш штом се појави потреба – поради повреда или привремено ограничување – училиштето веднаш ја прилагодува наставната средина и ја менува училницата, за секој ученик да има безбеден, удобен и непречен пристап до наставата.“<br>Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. За оценување на социјалните потреби училиштето користи непосредни разговори со учениците, родителите и службите за социјална грижа и тоа со помош на психолошко – педагошката служба на училиштето. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност, најголема поддршка добиваат од разговорите со класниот раководител и |

| | |
|---|---|
| | психологот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Училиштето за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и вонnаставните активности (екскурзии, натпревари, облека, храна), самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, најчесто преку спонзори од локалната заедница и преку хумани акции организирани од учениците за помош и поддршка на соученици од социјално загрозени семејства. |

## Индикатор 4.2. Здравје

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Хигиена и заштита од болести**<br>• **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
| **Извори на податоците** | |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Закон за средно образование<br>• Потврда од ХЕСО за извршена ДДД<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената<br>• Правилник за работа на помошниот персонал<br>• Извештај од класните раководители за појава на сезонски грип и негова превенција<br>• Фактури за набавка на средства за хигиена и дезинфекција<br>• Увид во училишниот простор<br>• Статут на училиштето<br>• Извештај од систематски преглед<br>• Евиденција од стручната служба<br>• Евиденција од наставниците по спорт и спортски активности<br>• Белешки од класни раководители | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности.<br>Училиштето е дел од проектот „Интеграција на еколошката програма во македонскиот образовен систем“ и членовите на еко-одборот секоја учебна година изготвуваа тпосебен документ преку кој ќе се провери тековната состојба на училиштето.Училиштето се залага за зачувување и разубавување на животната средина околу училиштето. Се одбележуваат светскиот ден за заштита на животната средина и Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата.<br>Одржувањето на хигиената во училиштето се спроведува од страна на помошниот персонал преку редовно метење и миење на сите простории. Ходниците и скалите се чистат еднаш дневно, училниците еднаш дневно, спортската сала еднаш дневно. Другите простории, вклучително наставничките и службените канцеларии, се чистат еднаш дневно. Комплетното чистење, кое вклучува прозорци, завеси и мебел, се изведува два пати годишно, по еднаш во секое полугодие.“<br>Дезинфекција на тоалетите, ученички и наставнички се прави по еднаш во денот и тоа навечер и отстранување на отпад. Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, тревните површини редовно се одржуваат од страна на машките лица од помошниот персонал. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар се грижи учениците отпадот да го фрлаат во нив.<br>Училиштето во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето. По потреба, во случаи на епидемии од грип, истото може да се изврши и по повеќе од два пати. При појава на епидемија училиштето во согласност со правилата и насоките дадени |

| | |
|---|---|
| | од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста. Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се преземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата.<br>Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена. Од страна на надлежните органи за контрола на хигиена, училиштето има добиено позитивно мислење. Санитарните јасли се целосно реконструирани според хигиенско – техничките стандарди и не претставуваат опасност за здравјето на учениците. Во Годишната програма на училиштето е опфатено расчистување и прилагодување на подрумските простории во простории за изведување на вонnаставни активности на учениците.<br>Учениците од прва и четврта година, еднаш годишно посетуваат систематски преглед,со кој се идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Специјалист по школска медицина доставува список со наоди во училиштето. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот или им се советува да го посетат матичниот лекар.Во прилог за правилно задоволување на потребите на овие ученици се и разговорите со педагошко – психолошката служба, наставниците и директорот на училиштето. На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на класен испит на крајот на годината.<br>Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со класниот раководител. Класниот раководител за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат спорт и спортски активности. За тие ученици се води посебна евиденција и се прават вежби соодветни за нивната здравствена состојба.<br>Наставниците кои предаваат спорт и спортски активности во согласност со |

| | |
|---|---|
| | програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина, држење на телото, експлозивна сила, флексибилност, репетативна сила и прават психомоторни тестови кои резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците.<br>Се одбележува ,,Ден без автомобили,, со цел да се подигне свеста на учениците за загадувањето од автомобилите. Во училиштето се одбележуваат сите останати значајни манифестации и празници поврзани со хигиената и здравјеи при што секој од нив се почитува подеднакво – како празниците од верска определба, вклучувајќи различни верски обичаи, така и празниците од државна определба. Учениците активно учествуваат во подготовката на пригодни програми, презентации, изработка на постери, украси и сценски настапи, со кои ја илустрираат културната и верската вредност на секој празник. Различните манифестации се организирани со цел да се промовира здрав живот и позитивни навики, а при тоа да се обезбеди дека никој ученик нема да биде исклучен или занемарен. За верските празници, учениците учат за нивното значење, традициите и обичаите, ги претставуваат со креативни активности и ги споделуваат со своите врсници, додека за државните празници се организираат тематски часови, изложби и пригодни свечености кои ја потенцираат историската и општествената важност на празникот. На овој начин, учениците не само што се запознаваат со културното и верско наследство, туку и развиваат чувство на почит, солидарност и вклученост, учејќи да го ценат и прифаќаат различното. Училиштето станува место каде секој празник се одбележува со внимание, креативност и заедништво, создавајќи поддржувачка и пријателска средина во која сите ученици се чувствуваат вклучени и вреднувани.“Со учениците кај кои се забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица.<br>За учениците со посебни образовни потреби и пост – конфликтни трауми, од голема помош се разговорите и соработката со училишниот психолог и педагог. Тие во секој момент им стојат на располагање на учениците за решавање на проблемот. Во училиштето се организираат предавања од стручни лица за едукација и заштита на младите девојки од несакана бременост. Статутот на училиштето не забранува редовна настава за бремени девојки. |

## Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми :** | • **Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>• **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |
| **Извори на податоците** | |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Извештаи од психолог | На ден 01.07.2025 година училиштето назначи кариерни советници, тим за кариерно советување и координатор за практично образование.<br>Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование.Во прва година учечниците со самиот упис во гимназиското образование имаат можност да одберат пакет предмети според нивниот интерес, кој би бил влез за соодветен факултет. За сите ученици од прва, втора, трета и четврта година гимназиско образование и учениците од стручното образование (економско, правна и трговска струка) освен редовните наставни предмети имаат изборни предмети, проектни активности – гимназиско образование , слободни часови и содржини програмирани од училиштето – стручно образовани, со цел продлабочување на нивното сознание врз основа на слободниот избор кој е во соодност со нивниот интерес, желба и афинитет.<br>Учениците од гимназиско образование се активно вклучени во различни информатички активности за училиштето, со цел да ја поддржат наставата и да ја промовираат институцијата пред пошироката јавност. Тие изработуваат дигитални презентации за различни проекти и манифестации во училиштето, ажурираат веб-страницата и социјалните платформи, создаваат постери и видео содржини за промоција на активностите и училишните резултати, како и организираат онлајн кампањи за различни образовни и еколошки иницијативи. Покрај тоа, тие помагаат при дигиталната обработка на материјали за училишни настани, поддршка на наставниците во користење на ИТ алатки и спроведување на проекти од областа на информатиката. Преку овие активности, учениците ја развиваат својата креативност, технички вештини, способност за тимска работа и организациски капацитет, додека истовремено ја подобруваат комуникацијата и претставувањето на училиштето. Со својата посветеност и иницијативност, тие не само што придонесуваат за |

| | |
|---|---|
| | модернизирање и дигитализација на училиштето, туку и стекнуваат практични знаења и искуства кои ќе им помогнат во натамошниот живот и во нивната професионална определба, станувајќи пример за тоа како знаењето и технологијата можат да се користат за креативни и корисни цели, создавајќи видлив придонес кон заедницата и училиштната средина.<br>Учениците од стручното образование од прва, втора и трета година, по завршувањето на наставната година на 10 јуни, следат феријална практика во траење од 10 работни дена, која им овозможува да ги применат стекнатите знаења и вештини во реални услови. Учениците од трета и четврта година, според наставната програма, учествуваат во учење преку работа кај работодавачи, при што учениците од трета година следат 4 часа дневно, а учениците од четврта година 6 часа, односно целиот училишен ден. За овие активности училиштето има склучено меморандуми со голем број адвокати, нотари и компании, обезбедувајќи практично искуство во различни професионални средини. Преку практичните активности и учењето преку работа, учениците развиваат самостојност, одговорност, професионални вештини и навики, се запознаваат со реалните професионални процеси и се подготвуваат за успешна иднина во својата кариера. Оваа практика им помага да ја зајакнат својата компетентност, да се мотивираат за понатамошно усовршување и да станат целосно подготвени за професионалниот свет.“<br><br>Училиштето, преку свои средства, го обезбедува целокупниот потребен материјал за нивното реализирање.<br><br>Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку добро осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето. Учениците од четврта година се анкетираат за нивните професионални планови и интереси за високообразовните институции каде сакаат да го продолжат своето образование. Добиваат навремени информации во училиштето и на веб страната на училиштето за концепцијата на државна матура како услов за конкурирање на факултет. Се организираат дебати во кои учествуваат познати и докажани личности кои го |

| | |
|---|---|
| | износуваат своето искуство за професијата што ја извршуваат, впечатоците од студирање на факултетот што го имаат завршено и мотивите за доусовршување во областа на којашто и припаѓа професијата што денес ја работат. Со учениците се разговара за важноста на одлуката поврзана за изборот на професијата во животот на човекот. Заинтересираните ученици се тестираат со тестови за вештините, способностите и особините кои ги поседуваат во соработка со соодветни институции. Исто така, доброволно, по сопствена желба се оценуваат нивните општи, специфични интелектуалните способности и лични особини со психодијагностички мерни инструменти кои им помагаат во оформување на сликата за самите себе која е многу важна за реални амбиции односно за менталното здравје.<br>Учениците се оспособуваат за изработка на професионална биографија, мотивационо писмо, а добиваат и битни информации поврзани со интервјуто за работа. Училиштето соработува и со агенцијата за вработување која по наше барање ни доставува извештај за бројот на пријавените лица со завршено високо образование.<br>Претставници на високообразовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации при што учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации на нивни прашања. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл.<br>Училиштето, преку донации од истакнати професори од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, обезбеди стручна литература за учениците од економско-правната струка, која ќе им биде од помош за идното студирање на факултет.“<br>Училиштето има изготвено посебна програма за откривање и поддршка на ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот на проблемот – тоа може да вклучува ситуации како семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството или други тешки животни околности. Стручната служба во училиштето, составена од психолог, педагог и социолог, редовно работи со учениците преку индивидуални и групни советодавни и консултативни разговори, игри за развој на емоционална интелигенција, работилници за справување со стрес и конфликти, како и активности за подобрување на самодовербата и социјалните |

| | |
|---|---|
| | вештини. Доколку е потребно, учениците се упатуваат до релевантни институции за дополнителна поддршка. Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, ПС-ОН и други организации и компетентни институции, обезбедувајќи интегриран и сеопфатен пристап кој гарантира дека секој ученик добива навремена и соодветна помош. Преку овие активности, учениците не само што се поддржани во текот на тешките периоди, туку и развиваат способности за самостојно справување со предизвиците, заедничка одговорност и подготвеност за успешен живот и понатамошна лична и професионална реализација.“ |

## Индикатор 4.4. Следење на напредокот

| Теми: | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците |
|---|---|
| | • Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| Извори на податоците | |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Правилник на однесување<br>• Програма за работа на стручната служба<br>• Дневници на паралелки<br>• Записници од родителски средби<br>• Педагошка евиденција<br>• Извештаи за успехот по паралелка<br>• Извештаи од работата на стручните активи<br>• Евидентни листови за успехот на учениците<br>• Свидетелства<br>• Записници од состаноци на Класен совет<br>• Записници од состаноци на Наставнички совет<br>• Записници од состаноци на Совет на родители<br>• Извештаи за успех по пооделни предмети | Во училиштето се води целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста, поведението, напредокот и развојот на учениците.<br>За секој клас се води дневник на паралелка во кој се наведени учениците со име и презиме, постигнувањата т.е оценките по одделните наставни предмети, поведението, отсуствата (доколку ги има). Постигнувањата на учениците по изборни проектни активности исто така се евидентираат описно (реализирал или нереализирал). Во дневникот на паралелката се евидентираат и учениците кои учествувале на натпревари, освоените награди и признанија( евиденција за овие ученици се води и кај стручната служба во училиштето ). Отсутноста на учениците од настава се следи, исто така, секојдневно и отсутниот ученик се евидентира во рубриката за отсутни ученици, а бројот на изостаноци се евидентира во рубриката за изостаноци. Според бројот на изостаноци направени во текот на учебната година, се одредува поведението на учениците како: примерно, добро и незадоволително.<br>На крајот на учебната година се избираат ученици кои покажале континуирано одличен успех и добиле републички и меѓународни награди од поединечни предмети и се наградуваат со соодветна награда од страна на училиштето.<br>Доколку ученикот покаже поголеми слабости во учењето или рефлектира недолично однесување се упатува на разговор со училишниот педагог и психолог.<br>Во Е-дневник наставниците и класните раководители континуирано во текот на целата година ги евидентираа сите податоци достапни во истиот (идентификациони податоци за ученикот, оценки, изостаноци, поведение, проектни активности и др.)<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>Евиденцијата за постигнувањата на учениците им е достапна на сите наставници, на учениците и на нивните родители. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класниот час, родителите за постигнувањата на нивните деца се |

| | |
|---|---|
| | информираат усно – на индивидуални средби со класниот раководител и предметните наставници, писмено преку евидентните листови што им се даваат на учениците по секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година и по електронски пат од Е - дневник, со кој се овозможува полесно информирање и секојдневна контрола од страна на родителите за постигнувањата и изостаноците на своите деца.<br>Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и на ниво на години, според податоците добиени од класните раководители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br>Евиденцијата што се води за напредокот и Класните совети за постигнувањата на учениците, нивната присутност и поведение, се разгледува на Советите на паралелките, на Наставничките совети и со родителите на родителските средби и индивидуални средби, како и на состаноци на Советот на родители.<br>За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат активите по сродните предмети кои соработуваат, за решавање на одредени проблеми или надминување на слабостите по соодветните предмети.<br>За поттикнување на учениците за редовно следење на наставата, нашето училиште организира месец - март на борба против изостаноците и за учениците без изостаноци следува награда од училиштето( екскурзија,билети за претставии, концерти и сл.).<br>Училиштето во почетокот на секоја година си одредува приоритети, кои ги евидентира во Годишната програма на училиштето (развивање воспитна компонента на образовниот процес, градење партнерство и соработка со родителите на учениците, намалување на бројот на изостаноци на ниво на училиште, поголема соработка на релацијата наставник – ученик – родител). Овие активности се координирани од Директорот на училиштето и педагошко – психолошката служба при училиштето, се со цел постигнување на подобри индивидуални ученички резултати како и за подобрување на резултатите на ниво на училиште.<br>Нашето училиште активно учествува во меѓународното истражување PISA, кое се |

| | |
|---|---|
| | спроведува од страна на Организацијата за економска соработка и развој (OECD). Истражувањето ги оценува знаењата и вештините на 15-годишните ученици во области како читање со разбирање, математичка писменост и природни науки, со цел да се утврди способноста на учениците да ги применат своите знаења во реални животни ситуации.Учеството во PISA им овозможува на наставниците и управата да добијат детални податоци за постигнувањата на учениците, да идентификуваат силни страни и области кои бараат подобрување и да приспособат наставни стратегии според резултатите. За учениците, ова е можност да се споредат со врсници од други земји, да ја развијат својата критичка мисла и да се мотивираат за понатамошно учење. Покрај тоа, училиштето го користи учеството во PISA како алатка за планирање на интервенции за поддршка на учениците кои имаат потешкотии, како и за промоција на образовните практики и резултати на национално и меѓународно ниво. Со ова активно следење на напредокот, PISA станува интегрален дел од процесот на унапредување на квалитетот на наставата и подготовката на учениците за живот и професионална кариера.“<br>Учеството во PISA се користи како дополнителна алатка за мерење на ученичкиот напредок и за подобрување на квалитетот на наставата. |

| *РЕЗУЛТАТИ* | |
|---|---|
| ***ЈАКИ СТРАНИ*** | ❖ Водење грижа за благосостојбата и заштита на учениците;<br>❖ Безбедноста и сигурноста на учениците е на високо ниво;<br>❖ Јасна и видлива сигнализацијата за евакуација ;<br>❖ Водење грижа за понатамошното професионално информирање и ориентирање на учениците;<br>❖ Достапност и посветеност на стручната служба (психолог, педагог, социолог)<br>❖ Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба;<br>❖ Соработка на релација наставник – ученик – родител;<br>❖ Систематска евиденција за напредокот на учениците;<br>❖ Обуки/семинари за безбедност, инклузија и психосоцијална поддршка<br>❖ Едукативни работилници или предавања за здравје, исхрана и превенција од штетни навики (пушење, алкохол, дрога)<br>❖ Училиштето овозможува на учениците можност за развивање и истакнување на своите креативни вештини преку учество во драмски настапи, ораторски активности и спортски натпревари.“ |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Недоволен број работилници за превенција и постапување при грмотевици, поплави, земјотреси и струен удар.<br>❖ Непостоењето задолжителна обврска на јавните институции за прием на учениците за учење преку работа кај работодавач и феријална практика.<br>❖ Организирање дружења ученици-наставници, надвор од редовната настава со цел приближување до емоционалната состојба на учениците.<br>❖ Продолжување со средување на подрумските простории за одредени воннаставни активности и простор за чување на документацијата од учење преку работа кај работодавач и феријалната практика. |

## Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиштето

| Број | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 5.1. | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед / имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| 5.2. | Промовирање на постигнувањата | • Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>• Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| 5.3. | Еднаквост и правичност | • Познавање и поттикнување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| 5.4. | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со општината и со урбаната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

## Подрачје 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

| Теми: | |
|---|---|
| | • **Углед / имиџ на училиштето** |
| | • **Кодекс на однесување** |
| | • **Училишна клима** |
| | • **Поведение и дисциплина во училиштето** |
| | • **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** |
| **Извори на податоци** | |
| • Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Полугодишни извештаи за работата на училиштето<br>• Кодекс за однесување на учениците<br>• Кодекс за однесување на наставници<br>• Куќен ред за ученици<br>• Куќен ред за наставници<br>• Закон за средно образование<br>• Интерни Правилници<br>• Педагошка евиденција<br>• Е-дневник<br>• Изјави<br>• Фотографии<br>• Разговори со ученици<br>• Разговори со наставници<br>• Разговори со помошно-техничкиот персонал | Угледот и имиџот на едно средно училиште се значајни фактори кои влијаат на неговото реноме, привлечност за учениците, наставниците и родителите, како и на неговото влијание во заедницата. Угледот на училиштето се формира преку континуирани долгогодишни достигнувања, активности, како и успехот на учениците. Нашето училиште гради и одржува добар имиџ и углед со постојано вложување во квалитетот на наставата, добрата комуникација и презентирањето на постигнувањата.<br>Целта на секоја институција, вклучувајќи го и училиштето, е да резултира со успешно работење, постигнување на врвни резултати и создавање на позитивна клима меѓу вработените. Сето тоа овозможува училиштето да биде една добро компонирана работна целина.<br>За таква успешност во работата, вработените применуваат разни модели, начини за постигнување подобри резултати на училиштето.<br><br>СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци од постоењето, па сè до денес, го задржува својот висок рејтинг не само во нашата општина, туку и на регионално и на државно ниво. Во училиштето континуирано се негуваат угледот, културата, знаењето, хуманоста и активноста на учениците и вработените.<br><br>Училиштето се препознава по високостручниот и професионален наставен |

| | |
|---|---|
| • Веб-портал на училиштето | кадар којшто работи квалитетно, професионално и во современи услови. За таа цел, се применуваат современи методи и техники, се користат современи нагледни средства, но основата е во мотивацијата и ентузијазамот на вработените. Целото свое знаење наставниците несебично го пренесуваат од генерација на генерација, постигнувајќи врвни резултати, како на општинско, регионално, државно, така и на меѓународно ниво.<br>Раководниот орган, стручната служба (педагог, психолог, социолог) и наставниот кадар придонесуваат во училиштето да има пријатна работна атмосфера, каде непречено ќе се одвива воспитно-образовниот процес.<br>Климата во училиштето е на задоволително ниво, базирана на коректниот однос помеѓу вработените, меѓусебната соработка, колегијалноста и почитувањето. Во училиштето раководниот орган и сите вработени принципиелено, доследно и навремено ги извршуваат работните задачи.<br>Односите меѓу вработените и раководниот орган се темел на успешно функционирање на воспитно-образовниот процес. Тоа може да се забележи преку организирањето на заеднички прослави и дружења, како на пример: прослава за успешен почеток на учебната година, прослава за денот на училиштето, дружба за Нова Година и Стара Нова Година, 8 ми Март, еднодневни екскурзии и излети за крајот на учебната година.<br>Но, најдобро сето ова се согледува низ секојдневната комуникација за време на одморите, каде што се зборува отворено, искрено, со почит и доверба меѓу вработените.<br>Отворената комуникација, меѓусебната почит, тимската работа, поддршката и охрабрувањето, професионализмот се основа за позитивна училишна клима.<br>Наставниот кадар е почитуван од учениците и нивните родители. Учениците и наставниот кадар се грижат за угледот на гимназијата и се задоволни што се дел од неа. Сето ова се должи на разбирањето, односот, културата и толеранцијата, како помеѓу колегите, така и меѓу учениците и нивните родители. Односот меѓу родителите и наставниците е изграден врз меѓусебна доверба, почит и постојана комуникација. |

| | |
|---|---|
| | Успехот на учениците и наставниците е одлика на трудољубивост, амбициозност, инспирираност и учеството во голем број проекти и настани, како на општинско, регионално, така и на државно ниво.<br>Нашето училиште се истакнува и со солидниот успех што го постигнуваат учениците по сите наставни предмети. Ентузијазмот, мотивираноста, поддршката и трудољубивоста допридонесуваат нашите ученици да ја продолжат долгогодишната традиција на успешност. Успехот се потврдува и со освојување на многубројни награди од натпревари во државата, но и надвор од неа. Исто така, се постигнуваат и високи резултати од полагањето на Државна матура.<br>Креативноста, желбата за нови знаења и дружељубивоста на учениците им овозможува соработка со училиштата од нашата општина, другите општини од државата и надвор од неа. Тие постојано се во потрага за нови предизвици и погледи кои ќе им овозможат да се стекнат со нови знаења и полесно остварување на нивните ученички цели.<br>Учениците учествуваат во многу проекти и активности, го збогатуваат општествено-културниот живот на нашиот град, а се истакнуваат и со креативна соработка со нивните врсници - ученици од училишта од други градови, градејќи мостови на нови пријателства.<br>Желбата и потрагата за нови знаења е предизвик за учениците да учествуваат во многу дебати, работилници, семинари и обуки. Исто така, учениците организираат и учествуваат во хуманитарни акции, со што покажуваат дека подадената рака секогаш ќе ја допре вистинската личност.<br>Угледот и рејтингот што го има нашето училиште во регионот се потврдува и со бројот на ученици - деветоодделенци што имаат интерес да го продолжат своето образование во гимназијата. Секоја година Гимназијата ги отвора своите врати за учениците кои имаат желба да се стекнат со квалитетно образование коешто ќе биде столб на нивната идна професија.<br>На учениците им се нуди можност да избираат помеѓу гимназиско образование и стручно образование. Во гимназиско образование уште при самото пријавување и запишување на учениците им се нуди можност да |

| | |
|---|---|
| | избираат помеѓу следните изборни подрачја: општествено-хуманистичко, природно-математичко и јазично-уметничко подрачје со комбинации на пакети од наставни предмети под А и Б.<br>Во втора година учениците имаат можност да направат избор на еден изборен предмет од понудени пет изборни предмети, како што се: информатичка технологија, класични јазици (латински јазик), елементарна алгебра и геометрија, говорење и пишување и етика.<br>Во стручното образование, сектор економија, право и трговија, ги има образовните квалификации/профили: економски техничар и правен техничар. На учениците им се нуди можност за избор на проектни задачи, проектни активности, изборен модул за стручно образование и содржини програмирани од училиштето од сите наставни области и подрачја.<br>Долгата традиција во гимназијата се негува со бројни успеси и резултати покажани на сите полиња од образовниот процес, како на пример: натпревари по речиси сите наставни предмети, театарски претстави, спортски натпревари, ликовни изложби, перформанси, хор, оркестар, образовно рандеву – манифестација за натпревари на стручни училишта, едукативни работилници, училишни квизови, еколошки настани, шаховско првенство, trash fashion, е-учење moodle, дебати, меѓународна училишна соработка, проекти од Erasmus+ програмата, хуманитарни акции, екскурзии, забави итн.<br>Голем е бројот на учениците коишто по завршувањето на средното образование и понатаму продолжуваат да го надградуваат своето образование на реномираните универзитетите во земјава и надвор од неа. Дел од нив, денес се наоѓаат на високи, раководни и угледни работни места и на одговорни позиции во општествениот живот. Меѓу нив има и научници, универзитетски професори, уметници, писатели и доктори на науки во многу области. Токму затоа, може да констатитраме дека од училиштето учениците излегуваат одлично подготвени за понатамошниот професионален развој, а добар дел од нив се посветуваат и на доживотно учење и научна работа.<br>Здравјето на учениците е на прво место и затоа постојано се грижиме за него. За таа цел, се организираат работилници, дебати, дискусии, презентации |

| | |
|---|---|
| | и предавања кои овозможуваат запознавање на учениците со различни заболувања, превенција од нив, промовирање на здрави навики, физичка активност, правилна исхрана, ментална рамнотежа. На класните часови и на часовите по други наставни предмети се дискутира за теми поврзани со здравјето кои покрај информативниот имаат и воспитно-образовен карактер. Ваквите активности им помагаат на учениците да се стекнат со трајни знаења од различни области.<br>Заедно со учениците се реализираат и: врснички едукации, ликовни изложби, настани за унапредување на менталното здравје, спортски активности и разни претставувања за здрав живот и еко содржини.<br>Покрај сите овие активности, за унапредување на здравјето и културата на живеењето се реализира и Програмата „Образование за животни вештини“ со која на класните часови се реализираат низа активности на оваа тема.<br>Стручната служба редовно подготвува текстови за дискусија на класните часови на теми што се актуелни во дадениот период, како и одржување на едукативни работилници согласно Програмата за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците.<br>Исто така, согласно еколошката програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ и кампањата „Здрава храна за детство/живот без мана“, во училиштето редовно се организираат и реализираат активности во форма на едукативни предавања, дискусии, презентации, проекти со кои се едуцираат учениците за правилна исхрана, за водење здрав начин на живот и консумирање здрава храна.<br>Секоја учебна година од страна на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадарци, задолжително и бесплатно се спроведуваат систематски прегледи за учениците од прва и четврта година. Во текот на систематските прегледи се спроведува и здравствена едукација со актуелна здравствена тематика. Исто така, задолжително се спроведуваат систематски и санитарни прегледи за сите вработени.<br>Во интерес на здравјето на учениците и наставниците, сите училници, кабинети и другите простории и канцеларии, навремено и секојдневно се |

| | |
|---|---|
| | чистат, освежуваат и проветруваат.<br>Сите услови за здрав и безбеден престој и работа во училишната зграда се обезбедени согласно протоколите донесени од страна на Министерството за здравство и Министерството за образование и наука. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Исто така, се прави и потребното молерисување и фарбање на просторот.<br>Во училиштето од месец февруари 2019 година како донација од страна на Локалната самоуправа, поставени се прочистувачи на воздух во училниците кои им помагаат на учениците да имаат почиста и поздрава животна средина. Во училиштето последните неколку години се реализира и процесот на климатизација, што подразбира монтирање на клима уреди во училниците и работните простории.<br>Во однос на безбедноста, училиштето е опремено со видео надзор, со поставување на видео камери во внатрешноста на училишната зграда, во ходниците, надвор во делот на училиштниот двор, односно на места од каде што се регистрираат сите можни движења во училиштето. Во училиштето има ангажирано и едно одговорно лице за обезбедување и контрола и две лица како чувари со што училиштниот простор е постојано под надзор. Сите вработени влегуваат и излегуваат од своето работно место преку службениот влез, со задолжително евидентирање преку електронски уред со свои лични електронски картички.<br>Влезот за учениците е наменет само за нив и истите влегуваат и излегуваат од училиштниот двор и влезот од спортските терени. По претходно изготвен распоред, во училиштето секојдневно дежураат по пет наставници.<br>Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.<br>Сите опасни места во училиштето и училишниот двор се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Одбележани се хидрантните бази кои |

| | |
|---|---|
| | редовно се сервисираат, а се проверуваат и ПП апаратите.<br>Согласно Законот за заштита од елементарни непогоди, училиштето има изготвено Правилник за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди. Во училиштето има одбележани патокази кон излезите на училиштето во случај на елементарни непогоди, при што сите излези се прилагодени со отворање кон надвор.<br>Согласно Правилникот за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди, еднаш годишно за сите ученици и за сите вработени се изведува симулација за справување во случај на некоја елементарна непогода.<br>Во училиштето секоја учебна година се обучува група на ученици за прва помош и заштита кои изведуваат и практични вежби – симулации, а воедно и редовно учествуваат на сите натпревари од оваа област.<br>Во училиштето постои обучен наставен кадар за давање прва медицинска помош и заштита при несреќен случај во училиштето. Училиштето располага со прирачна аптека и ранци за прва помош и заштита, кои во согласност со рокот на употреба на опремата за користење, редовно се дополнуваат и обновуваат.<br>Во Годишната програма за работа на училиштето, предвидено е во најкус временски период да се адаптираат и подрумските простории коишто се планираат за вон-наставни активности на учениците.<br>Воспитно-образовниот процес во училиштето се реализира во една смена со максимално искористување на сите училници, простории и кабинети за одржување редовна настава.<br>Наставниот процес се одвива редовно и во нормални услови според претходно изготвените планирања на наставниците и Годишната програма за работа на училиштето.<br>Сите ученици, во сите квалификациони периоди во учебната 2023/2024 година и во учебната 2024/2025 година, беа навремено оценети по сите наставни предмети. Според покажаниот успех сите ученици ја завршија годината.<br>За сите предвидени активности и за нивна успешна реализација, навремено се информирани и запознати сите структури во училиштето, и |

| | |
|---|---|
| | родителите и учениците, коишто даваат предлози и идеи за поуспешна реализација на наставата.<br>Училиштето има изготвено Правилници за однесување (Кодекс на однесување за наставници и ученици, Куќен ред за наставници и ученици, Еко-кодекс, Етички кодекс на оценување) во кои се поставени принципи и правила на однесување за сите структури во училиштето (раководен кадар, стручна служба, предметни наставници, помошно-технички персонал, ученици и родители). Сите субјекти вклучени во училиштето ги почитуваат правилата на однесување. Во случај на непочитување и прекршување на принципите и правилата во правилниците, навремено се реагира со утврдени мерки.<br>Покрај овие Правилници, училиштето има изготвено и дополнителни интерни правилници за градење на подобри односи помеѓу сите субјекти во училиштето. Тоа се: Правилник за грижа и чување на бесплатните учебници, Правилник за заштита и безбедност на учениците и наставниците, Правилник за вонредни ученици, Правилник за избор и прогласување на ученик на генерацијата. Во сите претходно наведени Правилници при изготвувањето учествуваат претставници на сите структури, а при нивното усвојување спроведена е демократска процедура.<br>Почитувањето и прифаќањето на учениците е подеднакво, односно кон сите ученици има ист пристап. Училиштето води грижа за заемно почитување и рамноправен однос на сите субјекти. Сите ученици се прифатени во училиштето без оглед на полот, способностите, социјалната структура, етничката припадност и верата. Вработените, а особено класните раководители разговораат со учениците за одржување на постојано добра, ведра и позитивна атмосфера во училиштето, со особен акцент на комуникацијата меѓу учениците, заемната грижа и меѓусебно помагање во делот на наставата и личните проблеми.<br>Во нашето училиште се негува добрата комуникација. Секој вработен во училиштето се залага за развивање поволна училишна клима. Наставниците настојуваат да бидат пример за тоа како треба да се разговара, како треба да се однесуваме во одредени ситуации и околности. Тие ги поттикнуваат |

| | |
|---|---|
| | учениците на учење за подобрување на успехот и знаењата, кои треба да соодветствуваат на нивните способности и особини на личноста. Во училиштето постои заемна соработка на наставниците со разменување на искуства, со цел обезбедување подобар воспитно-образовен процес.<br>Училиштето соработува и остварува комуникација и со родителите. Таа соработка и комуникација е постојана, транспарентна и јавна. И родителите, како и учениците, се вклучени во наставните и вон-наставните активности. Родителите се вклучени и при избор на училишните екскурзии на учениците и други прашања што се од нивно значење. Истите доаѓаат во училиштето и се информираат за разни теми преку индивидуални средби со наставниците и стручната служба, преку родителските средби на паралелката и преку членството во Советот на родители, како и членството во Училишниот одбор. Неизбежен и составен дел од процесот на комуникација е и остварувањето на контакти со родителите по пат на телефонски разговори.<br>Родителите имаат можност редовно и секојдневно да се информираат и преку електронска комуникација, односно преку Е-дневникот на паралелката за успехот, редовноста и поведението на ученикот.<br>Се настојува односите меѓу сите структури во воспитно-образовниот процес да бидат рамноправни, исполнети со почит и соработка, со цел да се поттикне позитивна и пријателска атмосфера.<br>Доколку во училиштето се појават некои негативности во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето, се применуваат начини и методи, во форма на разговори, состаноци, работилници, дебати, дискусии преку кои се надминуваат тие слабости.<br>Дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Односот на учениците од ист и различен пол е коректен, со заемно почитување и соработка. За време на наставата и другите училишни активности во училиштето постои позитивна работна атмосфера.<br>На крајот од учебната 2023/2024 година најголем процент од вкупниот број на ученици имаат Примерно поведение, поточно од вкупно 595 ученици, 580 ученици или 97,48% имаат Примерно поведение, 13 ученици или 2,18 % |

| | |
|---|---|
| | имаат Добро поведение и 2 ученика или 0,34 % имаат Незадоволително поведение.<br>На крајот од учебната 2024/2025 година најголем процент од вкупниот број на ученици имаат Примерно поведение, поточно од вкупно 577 ученици, 564 ученици или 97,75% имаат Примерно поведение, 13 ученици или 2,25 % имаат Добро поведение и нема ученици кои имаат Незадоволително поведение.<br>Најчести причинители за намалувањето на поведението се доцнење на часовите или напуштање на поединци часови од најразлични причини. Овие појави се присутни подеднакво и кај машката и кај женската популација на ученици, а се одразува на нивниот успех и поведение.<br>Сето ова се надминува преку индивидуални разговори со учениците, родителите, класниот раководител и стручната служба. Наставниците скоро секогаш успешно ги решаваат причините за непримерно однесување на учениците и неоправдано изостанување на учениците. Меѓутоа, понекогаш за недисциплина и нередовност во наставата се изрекуваат соодветни педагошки мерки, согласно Законот за средно образование, Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки и интерната Постапка за изрекување педагошки мерки во присуство на класниот раководител, ученикот, родителот и стручната служба.<br>Согласно измените и дополнувањата во Законот за средно образование, од учебната 2011/2012 година се воведува и советување за родителите и учениците кај кои е забележано дека нередовно ја посетуваат наставата, значително го намалуваат успехот во учењето и манифестираат различни облици на несоодветно однесување во училиштето. Советувањето на учениците и родителите го реализира училиштниот психолог.<br>Бидејќи постојано се следат постигнувањата на учениците и односот кон нивните соученици и вработените во училиштето, немаме исклучување, односно отстранување или префрлување на ученици во друго училиште или во друга паралелка.<br>Учениците навремено и целосно се информираат за сите промени и |

| | |
|---|---|
| | новини што се од нивен интерес со информации и соопштенија на огласната табла и на веб страната на училиштето. Преку Ученичкиот совет и класното раководство, учениците учествуваат во надминување на дилеми, појави и донесуваат одлуки што се од битно значење. На состаноците од заедницата учениците самоиницијативно ги разгледуваат некои поважни прашања поврзани за училишниот живот, со давање предлози и идеи за реализирање на некои значајни активности.<br>Од 01.02.2006 година во училиштето официјално почна да функционира младинската организација „Млади лидери“, под слоганот „Мисли, твори, креирај - води!“. Мисијата на „Млади лидери“ е динамична младинска организација која ќе го подобри животот на младите, преку подготовки за лидерство, нивен личен напредок и поголем успех во кариерата. Визијата е создавање способни лидери критички да размислуваат, да творат преку креативно создавање на дела според индивидуалните способности и афинитети. Сето ова создава визија за заедничката иднина и придонесува за нови промени за подобрување на животот на младите што водат кон успех во кариерата на секој поединец.<br>Младинската организација работи на развивање и остварување на лидерските способности на учениците, развивање на нивните организациски и комуникациски вештини и способност за тимско работење.<br>Во училиштето согласно планот за работа и активностите на Министерството за образование и наука од 2010 година започна со работа програмата „Имплементација на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. За таа цел, формиран е Еко-одбор каде членуваат професори, ученици, родители, членови од локалната самоуправа, претставници од бизнис заедницата и медиумите. Еколошките акции и активности се организираат и спроведуваат во текот на целата учебна година со поддршка на овој одбор. Се одбележуваат важни денови и датуми поврзани со еколошки настани, активности поврзани со заштеда на електрична енергија, заштеда на вода, одржување и разубавување на училиштниот двор и училиштната зграда. |

| | |
|---|---|
| | Во холот на училиштето редовно се поставуваат активности поврзани со теми од екологијата на изложбено пано. Заради важноста и значењето на овој проект, изготвен е Еко-кодекс кој е поставен на видно место во холот на училиштето, се со цел постојано да ги потсетува учениците, наставниците и техничкиот персонал на еколошкото воспитание и култура.<br>Имплементацијата на овој проект е задолжителна во наставните содржини на секој наставен предмет и се реализира секоја учебна година. Учениците редовно учествуваат на сите еколошки акции, активности и натпревари кои се дел од овој проект, а се организирани од училиштето, разни здруженија, организации, како и од Министерството за образование и наука.<br><br>Во современото образование, сè поголемо внимание се посветува на активната вклученост на учениците во процесите на донесување одлуки и решавање на проблеми во рамки на училиштето. Овој пристап не само што ја зајакнува нивната одговорност, туку придонесува и за создавање на подемократска, инклузивна и поддржувачка училишна заедница.<br>Кога учениците се активно вклучени во одлуките кои се однесуваат на нивниот образовен процес и секојдневието во училиштето, тие се чувствуваат ценето, слушнато и поттикнато да дадат свој придонес. Ова влијае позитивно врз нивната мотивација, самодоверба и чувство на припадност. Учеството на учениците е и основа на градење на граѓански вредности, како што се одговорноста, критичкото мислење и соработката.<br>Училиштето овозможува вклучување на сите ученици на различни начини, како на пример, ученичкиот совет, дете правобранител, работилници, дискусии, дебати, истражувања, анкети, интервјуа, училишните тела.<br>За успешно вклучување на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми (доколку има), училиштето треба да покаже отвореност, почит и доверба кон истите. Нивната поддршка, охрабрување и водење на процесите се клучни за создавање функционални механизми за ученичко учество. |

| | |
|---|---|
| | Учениците не треба да бидат пасивни приматели на знаење, туку активни учесници во своето образование и во животот на училиштето. Вклучувањето во донесувањето одлуки и решавањето проблеми им помага да се развијат како зрели, одговорни и ангажирани граѓани. |

## Подрачје 5.2. Промовирање на постигањата

| Теми: | • **Промовирање на личните постигнувања на учениците** |
|---|---|
| | • **Промовирање на постигнувањата во име на училиштето** |

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| • Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• Полугодишни извештаи за работата на училиштето<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Извештаи од наставници – ментори за учества на натпревари<br>• Извештаи од раководители на паралелки<br>• Извештаи од наставници за реализирани проекти и акции<br>• Пофалници, благодарници, награди<br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br>• Веб-портал на гимназијата<br>• Огласна табла<br>• Изложбено пано<br>• Фотографии<br>• Разговори со ученици и наставници<br>• Изјави | За промовирање на постигањата, од особено значење е промовирањето на личните постигнувања на учениците.<br>Промовирањето на личните постигнувања на учениците претставува клучен сегмент во градењето на нивната самодоверба, мотивација и чувство на вредност. Преку јавна афирмација на индивидуалниот труд, учениците се охрабруваат да продолжат со личниот развој и активно учество во училишниот и поширокиот општествен живот. Ваквото промовирање поттикнува позитивна конкуренција, меѓусебна поддршка и развој на потенцијалите кај секој ученик.<br><br>Сите активности во училиштето се темелат и подразбираат почитување и поттикнување на заемна доверба, со почитување на принципот на еднаквост и правичност. Политика на училиштето е да работи на подобрување на еднаквоста на сите субјекти во однос на пол, етничка припадност и физички и ментални капацитети.<br>Наставниот кадар, стручната служба, тимот за развој на училиштето, Директорот на училиштето и сите други вклучени субјекти во секојдневната работа, активно ја подигнуваат свеста за надминување на меѓусебните разлики.<br>Кодексот и Куќниот ред на однесување на учениците и наставниците, јасно укажуваат на правата и обврските на учениците и наставниците. Истите се засновани на почитување на начините на однесување во училиштето, а се однесуваат на редовноста, дисциплината, начинот на облекување, начинот на однесување за време на часовите и одморите, заштита на училишниот инвентар, еколошката свест и слично. Во таа смисла, не се прават разлики во однос на полот и етничката припадност и половата припадност, односно не се забележува пресудно влијание врз поединци. |

| | |
|---|---|
| | Во изминатите децении, нашата Гимназија претставува извор на знаење и вредности, на успешни и талентирани ученици коишто остварувале и остваруваaат солидни резултати во сите сфери (наука, уметност, спорт) на воспитно-образовниот процес.<br>За промовирање на личните постигнувања на учениците, во училиштето се води постојана грижа и истите континуирано се следат и надополнуваат.<br>Во однос на успехот, редовноста и поведението на учениците, училиштето редовно ја следи и евидентира состојбата, и тоа на крајот од првото тримесечје, на крајот од првото полугодие, на крајот од третото тримесечје и на крајот од учебната година. Овие анализи се поставуваат на огласната табла во училиштето и на веб-порталот на училиштето.<br>Постигнувањата на учениците, пред сè, зависат од нивните лични ангажирања, а секако тука се и наставниците коишто несебично го пренесуваат своето знаење и искуство, мотивираат и поттикнуваат, а за возврат очекуваат солидни постигнувања, редовност, активност и дисциплина во наставниот процес.<br>Промовирањето на личните постигнувања на учениците без разлика на полот, со вклучување на учениците со послаби способности за учење е постојан процес. Заложба на сите наставници е да ги мотивираат и поттикнуваат и учениците коишто имаат послаби резултати, со цел да го подобрат успехот. Дополнителната настава се реализира континуирано во текот на учебната година за оние ученици кои покажуваат послаби резултати. Предметните наставници успешно ги вклучуваат учениците во различни проекти, спортски активности, со што нивните капацитети и потенцијали би нашле свој простор и израз.<br>Реализацијата на сите училишни и вонучилишни активности ги вклучува сите ученици, независно од нивниот личен успех, поведение и воопшто нивниот личен профил. Прегледот на досегашните активности во рамките на училиштето, го потврдува учеството на учениците во повеќе области, независно од нивниот реализиран успех во учењето, однесувањето, дисциплината и сл.<br>За промовирање на личните постигнувања на учениците, со цел да се |

| | |
|---|---|
| | нагласи редовноста во наставата како битен фактор за континуиран наставен процес, училиштето секоја учебна година организира акција „Месец март - месец на борба против изостанувањата“. Целиот месец се следи редовноста на сите ученици и сите паралелки. Се наградуваат учениците без изостаноци, се наградува паралелката со најмал број на изостаноци, а истите јавно се истакнуваат и пофалуваат со објавување на огласна табла, во полугодишните и годишните извештаи, во статистичките извештаи и со поставување на веб - страницата на гимназијата.<br>Високите резултати и постигнувања на учениците, во разни области, во и надвор од училиштето уште повеќе ја подигнуваат свеста за припадност и должна почит кон оваа институција. Промовирањето на личните постигнувања на учениците се изразува и со учество на учениците на сите училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. За овие ученици се организира додатна настава, со цел да ги прошират и продлабочат нивните знаења и да постигнат високи резултати.<br>Натпревари се организираат речиси по сите наставни предмети и можеме со гордост да се пофалиме за големиот број на добиени први, втори и трети награди на државно и меѓународно ниво. Во изминатите две учебни години, наградени се следните ученици:<br>Во учебната 2023/2024 година:<br>• Надица Ангелова – освоено Прво место на Државен натпревар по Англиски јазик,<br>• Вања Стојанова – освоено Трето место на Државен натпревар по Англиски јазик,<br>• Надица Ангелова – освоено Второ место на Државен натпревар по Француски јазик,<br>• Весна Давчева – освоено Прво место на Државен натпревар по Биологија,<br>• Божидар Давидовски – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија,<br>• Елена Илова – освоено Второ место на Државен натпревар по |

| | |
|---|---|
| | Биологија,<br>• Тодор Пењушков – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија,<br>• Марија Вчкова – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија,<br>• Тијана Мајсторчева – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија,<br>• Лара Росоманска – освоено Трето место на Државен натпревар „Европски квиз на пари“,<br>• Елена Ризова – освоено Трето место на Државен натпревар „Европски квиз на пари“,<br>• Најдобар филм „Роза на асфалтот“ – освоено Прво место на Државен натпревар Образовно рандеву,<br>• Трајкова Моника – освоено Второ место на Државен натпревар Образовно рандеву во Категоријата Најдобар бенд и соло изведувач,<br>• Андреј Андовски – освоено Прво место на Државен натпревар во Атлетика, дисциплина Трчање на 1000 метри,<br>• Данка Стојкова – освоено Прво место на Државен натпревар во Карате,<br>• Павел Мукаетов – освоено Прво место на Државен натпревар во Тенис,<br>• Филип Панов – освоено Второ место на Државен натпревар во Тенис.<br><br>Во учебната 2024/2025 година:<br>• Весна Давчева – освоено Прво место на Државен натпревар по Македонски јазик и литература, ментор: проф. Катица Манева,<br>• Театарска претстава „Евгениј Онегин“ – освоено Второ место на Меѓународен фестивал „Утрина ѕвезда“ во Банско, Р.Бугарија (11 ученици, ментори: проф. Васка Петкова и проф. Драган Вељковиќ),<br>• Софија Ѓорчева – освоено Второ место на Државен натпревар по математика, ментор: проф. Васка Трендафилова,<br>• Трајче Талев – освоено Прво место на Меѓународна олимпијада по |

| | |
|---|---|
| | Англиски јазик, ментор: проф. Ленча Анѓушева-Чаушева,<br>• Надица Ангелова – освоено Второ место на Државен натпревар по Англиски јазик, ментор: проф. Христинка Косовска,<br>• Матеа Дамова – освоено Второ место на Државен натпревар по Англиски јазик, ментор: проф. Александра Кароловска,<br>• Викторија Живковиќ – освоено Трето место на Државен натпревар по Англиски јазик, ментор: проф. Александра Кароловска,<br>• Трајче Талев – освоено Прво место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,<br>• Јана Димкова – освоено Прво место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,<br>• Гордана Клинчарова – освоено Второ место на Државен натпревар по Германски јазик, ментор: проф. Васка Таневска,<br>• Божидар Давидовски – освоено Прво место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Даница Пецова,<br>• Љупчо Лалков – освоено Трето место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Даница Пецова,<br>• Ѓорѓи Пецов – освоено Второ место на Државен натпревар по Хемија, ментор: проф. Магдалена Убавкова,<br>• Божидар Давидовски – освоено Прво место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,<br>• Елена Ризова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,<br>• Весна Давчева – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Елизабета Иговска,<br>• Ана Коцева – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Трајче Шатков – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Елеонора Сеизова – освоено Второ место на Државен натпревар по |

| | |
|---|---|
| | Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Цветанка Ристовска – освоено Второ место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Стефанија Честојнова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Дамјан Павлески – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Зорана Каранфилова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Елена Илова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Ана Лазареска – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Александра Лазова – освоено Трето место на Државен натпревар по Биологија, ментор: проф. Богде Коцева,<br>• Трајче Шатков – освоено Второ место на Државен натпревар по Географија, ментор: проф. Валентина Димитрова,<br>• Филип Милков – освоено Второ место на Државен натпревар по Информатика, ментор: проф. Наталија Камчева,<br>• Благица Трпкоска, Марија Манева, Живкица Стојанова, Александра Костадинова и Кристина Стојанова – освоено Трето место на Државен натпревар „Камп на иновации“, ментор: проф. Лоска Давчева,<br>• Филип Панов – освоено Второ место на Државен натпревар во Тенис, ментор: проф. Илија Шиков,<br>• Давид Јаќимовски – освоено Трето место на Државен натпревар во Тенис, ментор: проф. Блаже Велков,<br>• Доменика Митевска – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Интервју за работа, ментор: проф. Душанка Иванова,<br>• Александар Стојков – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Јавно говорење, ментор: |

| | |
|---|---|
| | проф. Васка Петкова,<br>• Александар Стојков – освоено Прво место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобра поетска творба, ментор: проф. Васка Петкова,<br>• Александра Лазарева, Александра Давитова, Михаил Чоклев и Марко Чаприќ – освоено Трето место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Серва, ментор: проф. Блаже Велков,<br>• Театарска претстава (11 ученици) – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобра театарска претстава, ментор: проф. Васка Петкова,<br>• Ристе Стојанов, Александар Стојков, Васил Трајков и Марија Шалевска – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобар REEL, ментор: проф. Васка Петкова,<br>• Најдобар штанд (10 ученици) – освоено Второ место на Државен натпревар на МАССУМ Образовно рандеву во категорија Најдобар штанд, ментор: проф. Александра Ристова.<br><br>Промовирањето на успехот во јавноста преку медиуми, веб-страници, социјални мрежи, настани и натпревари ја зајакнува позитивната слика за училиштето и придонесува кон неговиот углед во заедницата.<br>За промовирање на постигнувањата на учениците во име на училиштето се води грижа и се евидентира секое учество. Наставниците ги мотивираат учениците, ги поттикнуваат да се вклучуваат во бројни наставни и воннаставни активности, како и да учествуваат на училиштни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.<br>Натпревари од различен карактер организираат и разни владини, невладини организации и здруженија на граѓани, каде што нашите ученици земаат активно учество и постигнуваат солидни резултати.<br>Учениците заедно со наставниците учествуваат и во програмата на Еразмус+, програма која овозможува младински размени, контакти, |

| | |
|---|---|
| | споделување искуства, посети на други земји и култури, учење на современи алатки од сите области и сл. Сето ова придонесува за промоција на училиштето, учениците и нивните ментори.<br>Личните трудови и изработки на учениците се изложуваат во училниците, во училишните холови, на изложбените паноа, на огласната табла, на веб-страницата и на локалните ТВ медиуми.<br>На Патрониот празник, директорот на училиштето им врачува книги и пофалници на учениците кои постигнале високи резултати на разни натпревари.<br>На крајот од четиригодишното школување свечено се доделуваат Дипломите на матурантите и со пригодни награди се наградуваат учениците кои постигнале успеси во повеќе области, за континуиран одличен успех и без изостаноци.<br>Доколку има предлози за ученик на генерацијата, на крајот на четврта година се избира и Ученик на генерацијата, кој се истакнал со континуиран одличен успех, примерен однос, се здобил со дипломи на повеќе натпревари, активно учествувал во училишниот живот, и за тоа добива посебна награда и Диплома. Во учебната 2023/2024 година избран беше ученикот Томе Ѓондев за ученик на генерацијата.<br>Во учебната 2024/2025 година за ученик на генерацијата избран беше ученикот Тодор Пењушков, додека ученичката Марија В’чкова се здоби со пригодна награда и Диплома за континуиран одличен успех, примерен однос и учество на повеќе натпревари.<br>Се остваруваат контакти и посети со училиштата со коишто имаме потпишано Меморандуми за мултилатерална соработка: Македонија, Србија, Бугарија, Шведска. Со некои од училиштата секоја учебна година реализираме повеќе значајни заеднички активности, како на пример: прикажување на театарски претстави на значајни датуми и учества со истите во Сандански-Бугарија, Крагуевац-Србија, Финспанг-Шведска, разни спортски активности (трки, велосипедизам) во Сандански-Бугарија, посети и размени на искуства, снимање видео материјали – Филмови за знаменитостите на градот, спроведување на еколошки акции по повод одбележување значајни датуми од |

| | |
|---|---|
| | екологијата со училиштата од овие градови и сл.<br>Сите успеси и учества на учениците се поддржани од директорот на училиштето, нивните ментори, стручната служба и соучениците. Сето ова е чекор кон остварување на афинитетите и желбите на учениците, а со тоа и промовирање на постигнувањата на учениците и училиштето. |

## Подрачје 5.3. Еднаквост и правичност

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">• Познавање и поттикнување на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• Полугодишни извештаи за работата на училиштето<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Статистички извештаи<br>• Педагошка евиденција<br>• Разговори со наставници<br>• Кодекс за однесување на наставниците<br>• Кодекс за однесување на учениците<br>• Веб-портал на училиштето<br>• Фотографии<br>• Изјави</td><td>Познавањето на детските права е основа за создавање праведно и безбедно општество. Учениците треба да ги знаат своите права, како што се: правото на образование, правото на слобода на изразување, правото на заштита од насилство и дискриминација, правото на учество во одлуки што ги засегаат и други.<br>Поттикнувањето на овие права значи создавање училишна средина каде учениците се слушнати, почитувани и вклучени. Наставниците, раководството и родителите имаат одговорност да ги поддржуваат децата во остварувањето на нивните права, но и да ги научат на одговорност, почит и меѓусебна толеранција.<br><br>Во нашето училиште се познаваат и почитуваат правата на децата од страна на сите вработени во училиштето. За сите наши ученици подеднакво важат сите права и критериуми независно од социјалната, економската, верската, националната припадност, полот, успехот и поведението.<br>При запишувањето на учениците во прва година во нашето училиште, за сите ученици важат истите критериуми и не постои дискриминација по однос на национална, верска и социјална основа. Секој ученик има право на додатна и дополнителна поддршка и помош во однос на неговите афинитети и способности. Училиштето има обезбедено и пристап за влез и излез на ученици со посебни потреби.<br>Право на секој ученик е јавно и објективно да му бидат соопштени критериумите за оценување и оценките. Од разговорите со предметните наставници констатирано е дека, сите наставници јавно им ги соопштуваат резултатите и постигањата на учениците, додека раководителите на паралелката ги</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | информираат учениците на секој класен час за сите промени во успехот и редовноста.<br>Еднаквиот и правичен третман означува дека секој ученик треба да има исти можности за учење, развој и успех, без разлика на неговиот пол, етничка припадност, религија, социјален статус или други лични карактеристики. Суштината на еднаквоста и правичноста е во препознавањето на различностите и прилагодување на поддршката според потребите на учениците.<br>Училиштето и наставниците имаат клучна улога во создавање училишна средина каде што се негуваат вредностите на почитување, еднаквост и фер однесување. Со тоа се спречуваат и дискриминација, врсничко насилство и нееднаквост.<br>Во нашето училиште се следи еднаквиот и правичен третман на учениците во текот на целиот воспитно-образовен процес преку разговори со ученици, родителите и раководителите на паралелките.<br>Споделувањето на разни информации и соопштенија се прави со истакнување на содржината на огласна табла и на веб-страната на училиштето. Ажурирањето на веб-страницата се врши редовно, со поставување на најнови информации, активности, презентации, проекти, moodle (е-учење) и сè друго што е поврзано со воспитно-образовниот процес.<br>Од почетокот на второто полугодие во учебната 2010/2011 година, сите наставници и родители имаат пристап до Е-дневникот (електронски дневник), апликација која што ја администрира Министерството за образование и наука, каде што истите имаат увид во успехот, редовноста и поведението на учениците.<br>Од учебната 2010/2011 година училиштето се вклучи во проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ поддржан од Коалицијата на Младински организации СЕГА и Детската Фондација Песталоци. Преку проектот учениците се запознаваат со правата и одговорностите на децата, истите ги применуваат во секојдневниот живот, посетуваат обуки, семинари, учествуваат во интеркултурни размени, на демократски начин избираат класно раководство, како и Ученички совет и Дете правобранител.<br>Во училиштето кај сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес |

| | |
|---|---|
| | постои толеранција и морална свест со што се обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици без разлика на полот, етничкото и социјалното потекло.<br>Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици, вклучувајќи ги и машките и женските ученици, како и учениците со послаб успех, па и оние талентираните.<br>Во училиштето најголем дел од учениците се од македонска етничка припадност. Мал е бројот на ученици од друга етничка група.<br>Добро се прифатени и прилагодени и учениците од различно етничко потекло, чиј број во прва година изнесува 1 ученик и тоа: 1 ученик со Српска припадност (1 женско), во втора година има 2 ученика и тоа: 1 ученик со Турска припадност (1 женско) и 1 ученик со Хрватска припадност (1 женско); во трета година има 1 ученик со Српска припадност (1 женско) и во четврта година има 1 ученик со Ромска националност (1 машко) во учебната 2023/2024 година.<br>Во учебната 2024/2025 година ученици со различно етничко потекло се: во прва година изнесува 1 ученик со Ромска националност (1 женско), во втора година има 1 ученик со Српска националност (1 женско); во трета година има 2 ученика со друга националност и тоа 1 ученик со Турска припадност (1 женско) и 1 ученик со Хрватска припадност (1 женско) и во четврта година има 1 ученик со Српска националност (1 женско).<br>Обезбедувањето на еднаквост и правичност за сите ученици се врши уште со самото формирање на паралелките на почетокот на учебната година. Се води грижа во сите паралелки да има ист или приближно ист број на ученици, како и еднаква полова, социјална, економска и етничка застапеност.<br>Учениците се подеднакво вклучени во активностите на училиштето, во вон-наставните активности, во проектните активности, во содржините програмирани од училиштето, во практичната настава, во феријалната практика, во учење преку работа кај работодавач, во натпреварите кои се одржуваат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>При формирањето на класните заедници во паралелките, подеднакво се вклучени и машките и женските ученици, како и учениците од друга етничка припадност. |

| | |
|---|---|
| | Учениците Роми, редовно и навремено се информираат за конкурсите за стипендии, пришто им се помага во прибирање и доставување на целокупната потребна документација. Овие стипендии се објавуваат од страна на Министерството за образование и наука.<br>Училиштето преку разни активности настојува да овозможи еднаквост и правичен пристап кон сите ученици, без оглед на која етничка група припаѓаат.<br>Мултикултурализмот претставува почитување и вреднување на различни култури, јазици, традиции и начини на живот. Во едно мултикултурно општество, како што е нашата земја, прифаќањето на различностите е неопходно за мирен и заеднички живот. Во училиштата, мултикултурализмот се промовира преку учење за различни култури, организирање на заеднички активности, празнување на различни празници, учење на јазици и поттикнување на меѓусебна соработка. На тој начин учениците учат да бидат толерантни, емпатични и отворени кон другите. Етничките заедници може да се разликуваат меѓу себе по јазикот на зборување, религијата, празниците што се слават, разните обичаи што се прават за различни поводи, облеката, храната, културата.<br>Во нашето училиште се реализираат различни активности, задачи, проекти, натпревари. Во сите нив активно се вклучуваат сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и други разлики. Преку нив, учениците развиваат свесност за постоењето на сличности и разлики во обележјата на другите култури. Се подобрува соработката, тимскиот дух, комуникацијата и се стекнуваат нови знаења, вештини, способности, доживувања и нови пријателства.<br>Заеднички се изработуваат презентации, изложбени паноа на кои што се претставуваат различни култури и обележја, како на пример: Велигден, Рамазан Бајрам, Ноќта на вештерките, Св.Валентајн, Св. Трифун, Нова Година, Божиќ, Бадник, Стара Нова Година.<br>Училиштето се вклучи и во проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ – ПМИО, кој е поддржан од страна на УСАИД, а имплементиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) во партнерство со неколку локални невладини организации. Проектот е со одобрение на Министерството за образование и наука (МОН). |

| | |
|---|---|
| | Главните цели на ПМИО се: Градење свесност за потребата од меѓуетничка интеграција во образованието, Развивање компетенции на наставниците, директорите на училиштата, стручните соработници, училишните одбори и вработените во општините одговорни за образованието за спроведување активности за МИО, Обезбедување директна интеракција меѓу учениците од различни наставни јазици и можности за мултикултурно и интеркултурно учење, Обезбедување техничка помош и стимул за поддршка на меѓуетничката интеграција во образованието и Институционализирање и обезбедување одржлив развој на МИО.<br>Преку активностите на проектот кај учениците од различна етничка, полова и социјална структура се работи на развивање на креативно изразување и поврзување, запознавање со културата на другите етнички заедници, надминување на родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи. |

## Подрачје 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со општината и со урбаната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор** |

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| • Годишни извештаи за работата на училиштето<br>• Полугодишни извештаи за работата на училиштето<br>• Годишни програми за работа на училиштето<br>• Записнинци од Совет на родители<br>• Записници од родителски средби<br>• Брошура за родители<br>• Записници од Училишниот одбор<br>• Барања за посети<br>• Покани<br>• Разговори со наставници<br>• Веб-портал на училиштето<br>• Фотографии<br>• Признанија<br>• Благодарници | Училиштето поттикнува и негува постојана, транспарентна и јавна соработка со родителите. Родителите секогаш се добредојдени во нашето училиште. Сите родители рамноправно се вклучени во сите наставни и вон-наставни активности.<br>Со соработката се подигнува свеста и интересот кај сите родители, за што поактивно и поконтинуирано да учествуваат и да предлагаат свои идеи се со цел за подобрување на воспитно-образовниот процес. Родителите и наставниците лично се залагаат и придонесуваат да се зголеми заемната доверба и разбирање, меѓусебното познавање и почитување, кои ќе влијаат врз решавањето на одредени ситуации.<br>Родителските средби задолжително се одржуваат најмалку четири пати во една учебна година (по две во секое полугодие), а може да се одржат и повеќе, доколку има потреба од тоа. На родителските средби редовни точки за дискусија се успехот, дисциплината и актуелни прашања и проблеми поврзани со наставата, каде родителите даваат свои мислења, предлози и сугестии во однос на редовноста, дисциплината и успехот на учениците. Со тоа помагаат за полесно и побрзо пристапување кон проблемот, со цел да се одбере најлесниот начин и да се донесе вистинското решение.<br>Доколку родителите имаат потреба од консултации, предметните наставници, раководителите на паралелките и стручната служба се подготвени за помош и разговор. Професорите имаат приемни денови, односно термини за индивидуални разговори со родителите и се достапни и отворени за соработка. Термините се истакнати на видно место во училиштето. Кога има потреба родителот да дојде на разговор, а истиот не е во можност да присуствува, писмено ќе биде известен за закажаниот термин. |

| | |
|---|---|
| | Раководителите на паралелките постојано и отворено соработуваат, при што се користат и други начини на комуникација (електронска комуникација, телефонски разговори) со цел навремено и целосно информирање на родителите за успехот и однесувањето на нивните деца. Училиштето постојано ги негува односите на правичност и демократичност со родителите со што се зголемува меѓусебната соработка и се подобрува воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес со тоа што ги вклучува (преку свои претставници) во донесувањето на важни одлуки поврзани со сите активности, наставно-научни екскурзии. Согласно Законот за средно образование во училиштето е формирано легитимно тело - Совет на родители, со избрани двајца претставници на ниво на година. Советот на родители работи по претходно изготвен План и програма, при што се свикува и состанува повеќепати во текот на учебната година. Тројца претставници од Советот на родители се вклучени и во највисокиот орган - Училишниот одбор.<br>Раководителите на паралелките преку Советот на родители ги информираат родителите за прашања поврзани со наставните планови, наставните предмети и постигањата на учениците. Повремено се остваруваат и индивидуални средби со родителите во одредени денови и термини, самоиницијативно, по некој повод или проблем, повикани од раководителите на паралелките или од стручната служба.<br>Советот на родители редовно се состанува и ги разгледува извештаите за работата на училиштето, како и годишните програми за работа. Родителите можат да се информираат за работата на училиштето и преку известувањата и информациите поставени на веб страната на училиштето.<br>Согласно измените и дополнувањата на Законот за средно образование од почетокот на календарската 2012 година за родителите на учениците нередовни во наставата, со слаб успех во учењето и несоодветно однесување во училиштето се организираат групни и индивидуални советодавни средби. Доколку се води постапка за изрекување на педагошка мерка на ученик во постапката се вклучуваат и родителите, за што се прави записник. За изречената педагошка мерка родителот добива одлука.<br>Родителите се вклучени и при изборот на училишните екскурзии на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Сите понуди за екскурзии се отвараат и разгледуваат од страна на Комисија составена од членови од Советот на родители и предметни наставници, се избира најповолната понуда за патување. Во однос на вон-наставните активности, родителите заради своите работни обврски не секогаш се вклучуваат во реализацијата на разни еколошки, хуманитарни акции, спортски денови и други активности. Мал број од родителите се членови во Еко-одборот на училиштето.<br>Училиштето има изготвено Брошура за родители, која овозможува детално информирање и запознавање на родителите со работата на училиштето.<br>Потребно е поголемо вклучување на родителите во воспитно – образовната работа преку ангажирање на родители – стручни лица за одржување предавања, дебати, дискусии и слично на теми од нивната струка, а кои ги засегаат младите. Исто така, пожелно и потребно е вклучување на родителите и во други активности и акции, се со цел мотивирање и поттикнување на учениците за подобрување на вештините и способностите.<br>Училиштето секогаш е отворено за соработка и со големо задоволство остварува низа активности со општината и со урбаната заедница. Училиштето зема активно учество на сите настани во интерес на општината и заедницата, а воедно дава и свој придонес со активности во заеднички проекти.<br>Исто така, и општината и урбаната заедница помагаат во подобрување на условите за работа и во реализацијата на наставните и вон-наставните активности.<br>Нашите ученици редовно учествуваат во сите јавни настани со свои музички, драмски, рецитаторски, спортски, ликовни и други содржини. Учествуваат и во одбележување на сите позначајни општествени и културни датуми како што се: Денот на Европа, Денот на хендикепираните лица, Денот на Црвениот крст и Црвената полумесечина, разни хуманитарни акции, Тиквешки гроздобер, Денот на ослободувањето на градот итн.<br>Исто така, соработката се остварува и преку учество на учениците на предавања од различни области важни за воспитно - образовниот процес, јавни дебати, трибини и презентации организирани во просториите на општината, односно локалната самоуправа.<br>Високообразовните институции секоја година го посетуваат училиштето и вршат |

| | |
|---|---|
| | презентации со цел подобро информирање на учениците за можностите за нивно понатамошно образование.<br>Училиштето соработува со другите училишта:<br>- преку презентација на училиштето во други училишни средини,<br>- преку размена на искуства помеѓу наставниците,<br>- преку младинска организација,<br>- преку разни спортски настани и натпревари,<br>- преку проекти.<br>Учениците учествуваат и во активности организирани од ПС-ОН Кавадарци, посебно со одделот за превенција, преку одржување на предавања и состаноци за трговија со луѓе, подигање на сообраќајната култура, законската регулатива за малолетничката деликвенција и користење на акохолот на малолетните лица.<br><br>Во нашиот град има многу приватни и успешни компании кои активно работат со децении, а соработката со нив и стручноста што ја поседуваат е темел врз коишто учениците ќе ја градат својата професионална иднина.<br>Оваа соработка главно се однесува на сите струки, меѓутоа, акцентот го ставаме на стручното образование, во стручните паралелки, економски техничар и правен техничар, каде нашите ученици реализираат дел од практичната настава и феријалната практика.<br>Со деловната заедница соработуваат и учениците од гимназиското образование при реализирање на проектни активности, проектни задачи и други истражувачки проекти.<br>Релацијата со бизнис-заедницата и со останатите структури кои се дел од одредени општествени институции е од голема важност за учениците, со цел тие реално да ја согледаат и осознаат природата на нивната работа, самите да се пронајдат и во иднина да се реализираат како успешни граѓани.<br>Само преку поврзување на теоријата со практиката, учениците ќе можат да добијат покомплетна слика за процесот на производство, за практиката и ќе создадат претстава за повеќе професии, а со тоа полесно ќе се пронајдат себе си во сферата |

| | |
|---|---|
| | каде што ќе ја насочат својата амбиција, а подоцна и сопствената егзистенција.<br>Дел од институциите со кои училиштето остварува соработка се: Локална самоуправа на општина Кавадарци (ЛС), Министерство за образование и наука (МОН) - Скопје, Биро за развој на образованието (БРО), Државен испитен центар (ДИЦ) - Скопје, Државен просветен инспекторат (ДПИ), Министерство за труд и социјална политика (МТСП) - Скопје, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа (ЦСР) - Кавадарци и Неготино, Центар за стручно образование и обука (ЦСОО) - Скопје, Дом на култура „Иван Мазов - Климе" Кавадарци, Музеј – галерија Кавадарци, ЈОУ Библиотека „Феткин" Кавадарци, Спортска сала „Јасмин" Кавадарци, Радио Кавадарци, СЕГА Коалиција на младински организации, ЈЗУ „Општа болница со проширена дејност" Кавадарци, О.О „Црвен крст" Кавадарци, Републички завод за трансфузиологија - Скопје, Министерство за здравство - Скопје, ПС-ОН Кавадарци, Спортски – тениски, кошаркарски, фудбалски и други клубови - Кавадарци, Средни и основни училишта од градот и Републиката, Државни и приватни факултети, Стопански субјекти од градот и Републиката, адвокатски, нотарски и други канцеларии од различни правни и трговски профили од Кавадарци, Кожувчанка ДОО Кавадарци, ТД-ТД ДООЕЛ Кавадарци, ВВ „Тиквеш" од Кавадарци и други трговски друштва.<br>Училиштето остварува делумна соработка и со граѓанскиот сектор, каде учениците активно учествуваат во проекти и активности од различен карактер, учества на семинари, предавања и работилници. Со ова учениците ги прошируваат своите знаења од различни области, ги усовршуваат комуникациските вештини и способности, се јакне работата во групи или тимската работа, ги развиваат позитивните карактерни особини на сопствената личност и други способности кои во иднина би им биле потребни за успешно вклучување во општествениот живот. Учеството е незадолжително, а учениците се вклучуваат самоиницијативно по сопствен избор и желба. Со учеството во овие активности, нашите ученици покрај личната афирмација, го афирмираат и училиштето и градот. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ❖ Училиштето се наоѓа на одлична локација;<br>❖ Високостручен и професионален наставен кадар;<br>❖ Солидни и примерни ученици;<br>❖ Соработка со стручна служба;<br>❖ Одлична соработка со локалната самоуправа и останатите средни училишта во градот и околината, со МОН, БРО, ДИЦ, Црвен Крст и други институции;<br>❖ Редовни систематски и санитарни прегледи за учениците и за вработените;<br>❖ Условите за работа постојано се подобруваат;<br>❖ Организациска поставеност на солидно ниво;<br>❖ Учество на разни училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и постигнување на одлични резултати;<br>❖ Освојување на многубројни награди (пофалници, признанија, дипломи, благодарници);<br>❖ Еднаквост и правичност на сите ученици по сите основи;<br>❖ Редовно информирање на родителите за напредокот на нивното дете;<br>❖ Почитување на правата на децата;<br>❖ Безбедност и заштита на учениците;<br>❖ Постојано следење на личните постигања на учениците и на училиштето;<br>❖ Избор на ученик на генерацијата на крајот на четвртата година, кој добива награда за својот успех и ангажман. |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Унапредување на соработката со родителите и нивно вклучување во решавањето на значајни прашања за работата на училиштето, како и вклучување во воннаставни активности;<br>❖ Зголемување на соработката на ниво на стручни активи со цел размена на идеи, искуства, позитивни примери за поквалитетен наставен процес;<br>❖ Развивање на систем за наградување на учениците и наставниците со цел подобрување на воспитно-образовниот процес. |

## Подрачје 6. Ресурси

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 6.1 | Сместување и просторни капацитети | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитет |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |
| 6.5 | Финансиско работење во училиштето | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

## Подрачје 6.1. Сместување и просторни капацитети

<table>
<tr><td rowspan="2">Теми:</td><td colspan="2">• Искористеност на просторните капацитети</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Просторни услови</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Листа на попис на инвертар<br>• Распоред на часови<br>• Записници од работата на стручните активи<br>• Непосреден увид<br>• Интервјуа со наставниците</td><td>Училишниот простор на СОУ Гимназија „Добри Даскалов” Кавадарци ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот.<br>СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ располага со зграда во сопственост на локалната самоуправа, на која во изминатите години се извршени повеќе инфраструктурни зафати во надворешната (сите стари прозори заменети со нови ПВЦ) и надворешната (нова фасада) нејзина конструкција. Доградени се нови 8 училници кои овозможуваат непречено изведување на наставата и на сите воннаставни активности кои што се реализираат во училиштето. Дополнително ставена е во функција т.н балетска сала, просторија која што е преградена и добиени се две училници и дополнителен простор како канцеларија и дополнителни санитарни јазли во тој дел од училиштето.<br>Училиштето располага со современо опремени кабинетски простории, училници, простории за раководен, стручен и административен кадар за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Сите капацитети се користат оптимално од страна на сите членови на училиштето. Сите училници се опремени со компјутери и ЛЦД телевизори а дел од училниците се и со клима уреди.<br>Променети се сите врати во сите училници и кабинети.<br>Кино салата на училиштето е целосно реконструирана со замена на сите столчиња и поставување на нови, поставена нова компјутерска опрема со нов ЛЦД проектор со големо проектирање, нова звучна опрема и ролетни на прозорците за поголема искоритеност на просторијата во различни периоди од денот и непречено проектирање на ИКТ опремата. Опремени се два кабинети по информатика со современа компјутерска опрема. Реконстурирано е надворешно изгралиште за ракомет и фудбал.<br>Училишниот кров е покриен со 30 соларни панели со што училиштето само си</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | произведува електрична енергија од обновливи извори.<br>Училиштето располага со:<br>- 28 училници,<br>- 2 кабинети за хемија и ликовна уметност,<br>- 2 кабинети по информатика со компјутери за секој ученик, смарт табла и проектор,<br>- 1 библиотека,<br>- 1 кино сала,<br>- 1 спортска сала со 2 соблекувални (1 машка и 1 женска) со санитарни јазли,<br>- 1 наставничка канцеларија,<br>- 1 канцеларија за директор,<br>- 1 канцеларија за секретар,<br>- 1 канцеларија за педагог,<br>- 1 канцеларија за психолог,<br>- 1 просторија за помошник директор,<br>- 6 простории за активите (македонски јазик и литература, математика, општествени науки, спорт, економско-правни предмети),<br>- 1 просторија за помошен персонал,<br>- 1 просторија за хаус-мајстор,<br>- 1 санитарна просторија за наставниците,<br>- 3 санитарни простории за учениците (на приземје и две на први кат),<br>- 1 просторија за дежурства на помошниот персонал,<br>- котлара и подрумски простории.<br>Големината на училниците е соодветна на бројот на ученици во паралелките. Училиштето има изготвено јасен план и распоред за максимална употреба на расположивите капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учениците.<br>За квалитетно изведување на наставата постоечките простории се користат оптимално од сите субјекти во наставниот процес.<br>Се користат сите кабинети за за изведување на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со 3 спортски терени (фудбал, ракомет, кошарка) и еден мини терен за фудбал. |

| | |
|---|---|
| | Потребно е хортикултурно уредување на училишниот двор.<br>Училиштето направи замена и надградба на постоечката кабелска интернет врска со нова оптична врска со брзина од 200 Mbits Download и 200 Mbits Upload и поставена е бежична мрежна врска во сите училници и кабинети и дополнително жичена интернет мрежа. Исто така, во училиштето беше извршена замена на старата со нова електрична инсталација.<br>Направено е опремување на компјутерите во двата кабинети по информатика со поставување на 21 компјутер во првиот кабинет и 29 компјутери во вториот кабинет со целосно нов оперативен систем и ставање во функција на кабинетот за непречено реализирање на наставата. Сите компјутери се прикличени на жична стабилна мрежа која ја обезбедуваат соодветни рутери.<br>Наставата се изведува во една смена – претпладне и тоа од 8 часот до 14 часот. Со преградување на 2 нови училници повеќе не се јавува потреба од дополнителни простории за реализирање на дополнителната и додатната настава како и за воннаставни активности.<br>Материјално – техничка опременост на училиштето постојано се подобрува со набавка на нови надгледни средства и дополнителна опрема која што го подобрува восптино – наставнииот процес и овозожува поголема можност за користење на ресурсите за сите наставници и сите класови.<br>Училиштето располага и со 20 прочистувачи за воздух кои што се поставени во учлилниците и кабинетите со што се подобрува и прочистува амбиенталниот воздух во просториите во училиштето.<br>Материјално – техничката опременост со која располага училиштето е следната:<br>- Персонални компјутери во административниот дел – 16<br>- Компјутери во кабинети по информатикабр.1 21<br>- Компјутери во кабинет по информатика бр.2 31 - донација од „Донирај компјутер“<br>- Лаптоп донации -20<br>- Лаптоп -2<br>- ЛЦД проектори - 14<br>- ЛЦД Телевизори - 27<br>- Пијанино - 1 |

| | |
|---|---|
| | -Синтисајзер - 1<br>-Кахон - 1 озвучување<br>-Скенер - 2<br>-Копир - 3<br>-Принтери - 12<br>-Видео надзор (камери) - 20<br>-Смарт табли – 2<br>- Дигитален фотоапарат - 1<br>-Инвертер клими - 20<br>-Таблет - 1<br>Нагледни средства:<br>географски карти, историски карти, постери, глобуси, касетофони, периоден систем на хемиски елементи, епрувети, прибори за дисекција, 3 микрофони со сталки, еден пар слушалки, еден кабел за дигитално пијано, два кабли за микрофони, десет микрофони и звучници (компјутерски), седум ИТ-камери, топки (фудбал, ракомет, кошарка, одбојка), мрежа за одбојка, ѓулиња, греда, хулахопи, јажиња, отскочна даска, скелет … |

## Подрачје 6.2. Наставни средства и материјали

<table>
<tr><td rowspan="3">Теми:</td><td colspan="2">• Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Училишна библиотека</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Потрошен материјал</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци</td><td>Добиени информации</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>• Пописна листа<br>• Увид во библиотечната евиденција и разговор со одговорното лице<br>• Разговор со учениците<br>• Разговор со наставниците, со техничкиот персонал<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали Самоевалуација на училиштето<br>• Записници од стручни активи</td><td>Училиштето располага со стручна литература, којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Стручната литература е застарена, (во поглед на годините и содржините), па така, се јавува недостиг од неа.<br>Во поглед на наставните средства и помагала состојбата е следнава:<br>- Специјализирани училници опремени со компјутери и постојана интернет конекција,<br>- Информатичката опрема (компјутери, смарт табли, принтери. скенери, LCD проектори и сл.) ги задоволуваат потребите како на наставниците и учениците.<br>- Останатите наставни средства и помагала (по предметите физика, хемија, биологија, географија, историја, математика) делумно ги задоволуваат потребите<br>Со цел збогатување и примена на современи наставни методи, училиштето продолжува со реализацијана проектот за е-учење Moodle, виртуелна електронска алатка за учење, која во одреден дел го заменува и потпомага стандардното учење. Овој систем овозможува креирање на курсеви по предметите, поставување на материјалот за учење, распоред на активности, форум, образовни содржини, многубројни алатки за комуникација и 24/7 интеракција ученик-ученик и ученик-професор.<br>Од спроведените анкети учениците посебно го истакнуваат Moodle како посебна помошна алатка која во голема мера им го олеснува совладувањето на материјалот за учење.<br>Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, а помалку стручна литература и белетристика.<br>Книжниот фонд во изминатите три години постојано се обновува и со рационална употреба делумно ги задоволува потребите на учениците.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Во училишната библиотека има и книги на француски и на англиски јазик, но нивниот број е многу мал. Училиштето има стручна литература од економско-правна проблематика, која е потребна како на наставниците по стручни предмети така и на учениците, но бројот на овие книги е мал.<br>Училишната библиотека работи во текот на учебната година, со што учениците можат да ја користат во текот на целиот ден. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденција се води навремено и прописно. Библиотеката е опремена со два компјутери со интернет конекција и принтер.<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните активности. Набавениот потрошен материјал (пенкала, хартија, креди, хигиенски средства итн.) ги задоволува потребите на училиштето како резултат на совесното и економично работење на сите вработени, а посебно на Менаџерскиот тим и Тимот за следење и унапредување на условите за работа во училиштето кој ја констатира состојбата и потребите од истите. Во тие тимови покрај директорот се наоѓаат наставници, стручни соработници и лица од техничкиот персонал.<br>Средствата добиени за нив се распределуваат рационално во текот на целата учебна година. Потребните наставни средства и материјали се утврдуваат на почетокот и во текот на годината по барање на стручните активи доставено во писмена форма, истите ги разгледува директорот кој ја констатира состојбата и одлучува за потребите од истите. |

## Подрачје 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

| **Теми:** | |
|---|---|
| | • **Ефективност и распоредување на кадарот** |
| | • **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар** |
| | • **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар** |

| **Извори на податоци** | |
|---|---|
| • Увид во досиејата на вработените<br>• Разговор со наставниците<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• ЕСАРУ системи | Во училиштето се вработени вкупно 71 лица и тоа: |

| | Вкупно | Женски | Машки |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки |
| Раководен кадар | 2 | 1 | 1 |
| Директор | 1 | / | 1 |
| Помошник директор | 1 | 1 | / |
| Наставен кадар | 46 | 33 | 13 |
| Стручни соработници | 3 | 3 | / |
| Психолог | 1 | 1 | / |
| Педагог | 1 | 1 | / |
| Административен кадар | 3 | 3 | / |
| Секретар | 1 | 1 | / |
| Архивар | 1 | 1 | / |
| Сметководител | 1 | 1 | / |
| Технички кадар | 10 | 7 | 3 |
| Домаќин | 1 | / | 1 |
| Хигиеничари | 7 | 7 | / |
| Чувари | 2 | / | 2 |
| Вкупно | 64 | 47 | 17 |

Степенот на образование на вработените е следниот:

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Магистер | 5 |
| Високо образование | 49 |
| Средно образование | 10 |

Старосната структура на вработените е следната:

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | 2 |
| **31-40** | 17 |
| **41-50** | 15 |
| **51– пензија** | 30 |

Наставниците се со следниве квалификации:

- Филозофски факултет - 6 професори – 12 %
- Филолошки факултет - 15 професори – 31 %
- ПМФ - 14 професори – 29 %
- ЕТФ 1 -2 %
- ФФК, ФМК, ФЛК - 6 професори – 12 %
- Економски факултет - 4 професори - 8 %
- Правен факултет - 3 професори - 6 %

Работното искуство на персоналот, е почнувајки од најмлади професори со една година работно искуство, до оние со најдолг стаж - кои имаат 37 годишно работно искуство.

Сите наставници се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес со положено стручен испит освен наставниците-приправници.

Целиот персонал е редовно присутен во извршувањето на работните обврски и задачи.

| | |
|---|---|
| | Во Годишната програма наведен е наставниот кадар кој ја изведува наставата во училиштето, неговите квалитети, нивната стручна подготвеност, искуство, што придонесува за исполнување на целите во наставата, како и работното искуство што го имаат.<br>Наставниот кадар ги извршува следниве задачи:<br>- Планирање и изработка на планови за реализација и одржување редовна, додатна и дополнителна настава,<br>- Изведување воннаставни активности,<br>- Водење проектни и менторски активности,<br>- Водење паралелка и класен совет,<br>- Изработка на извештаи на работа на активи, самоевалуација, годишна програма,<br>- Вршење увид во работата на класовите по години,<br>- Менторирање ученици за натпревари,<br>- Организирање и спроведување проектни активности<br>- Спроведување на државна матура и пријавување тестатори и прегледувачи.<br>Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат кај работоводниот орган. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба (правно - административна).<br>Задолжителното присуство на наставничките и класните совети се евидентира на посебен список.<br>Со цел да нема прекин во наставниот процес отсутните наставници се објавуваат на огласната табла во училиштето и навремено се прави нов распоред.<br>Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците.<br><br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Стручната служба пружа помош и поддршка во работата на училиштето и им помага на професорите во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање соодветна помош на |

| | |
|---|---|
| | учениците.<br>Во нашето училиште стручната служба е составена од:<br>- Психолошко - педагошка служба (психолог, педагог и социолог)<br>- Библиотекар<br>Стручната служба ги извршува следните задачи:<br>- Учество во планирањето и програмирањето на севкупната воспитно-образовна работа во училиштето,<br>- Учество во планирањето на редовната настава во училиштето и на слободните ученички активности,<br>- Давање помош на класните раководители,<br>- Средби со родителите,<br>- Проверка на педагошка евиденција,<br>- Посета на часови,<br>- Работа со учениците кои покажуваат слаб интерес за наставата или изостануваат од наставата,<br>- Советодавна работа со родителите,<br>- Учество во изрекување педагошки мерки,<br>- Подготовки за класни совети,<br>- Работа со ученици кои доживуваат кризи и тешкотии во училиштето или во семејството,<br>- Подготовка на статистички обрасци за полугодишниот и годишниот успех и за поведението,<br>- Учество во работата на класниот и на наставничкиот совет за утврдување на полугодишниот и годишниот успех и поведение,<br>- Изготвување извештаи за постигнатиот успех и поведение во првото и второто полугодие,<br>- Анализа на реализацијата на дополнителната и на додатната настава,<br>- Изготвување годишна статистика за постигнатиот успех, поведението, оценки по предмети, најдобри класови по успех, најредовни класови, ученици без изостаноци, ученици со незадоволително поведение.<br>Како дел од стручната служба е и библиотекарот, чии задачи се следниве: |

| | |
|---|---|
| | - Издавање на редовна литература (лектири и дела за обработка),<br>- Издавање на стручна литература (по одредени наставни предмети),<br>- Издавање и евиденција на учебниците.<br>Стручната служба во годишната програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и професорите и е секогаш отворена за соработка. |

## Подрачје 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| **Теми:** | • **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| • Разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>• Програма за професионален развој на наставниот кадар<br>• Листи од спроведени интерни обуки | Наставникот претставува клучен носител на воспитно-образовниот процес и има централна улога во оформувањето и развојот на младите личности. Тој е пример за позитивна идентификација, а мислењата на колегите, учениците, родителите и пошироката заедница се вистински показател за неговата работа. Сепак, проценката на наставникот се врши според утврдени критериуми и активности: набљудување на часовите од страна на советници од Бирото за развој и директорот, проверка на наставните планови и нивната реализација, следење на менторската работа и постигнатите резултати на ученички натпревари, извештаи за успехот, дисциплината и редовноста на учениците, реализирани проекти, како и учество во програми за професионален развој.<br>Во училиштето се овозможува постојано професионално усовршување на наставниот кадар преку обуки, едукации и семинари, особено поврзани со екологијата и нејзината интеграција во наставата. Наставниците редовно ги посетуваат сите семинари организирани од Бирото за образование. Специјализирани обуки за надградување им се нудат на оние наставници кои постигнуваат значајни резултати во работата, а тоа се потврдува преку набљудување, освоени признанија, мислења од колеги и анкети меѓу учениците и вработените.<br>Во тековната учебна година продолжува имплементацијата на проектот за е-учење преку платформата Moodle, која претставува современа електронска алатка што го надополнува традиционалното учење. Дополнително, наставниците се обучуваат за користење на апликацијата Е-Дневник.<br>Стручната служба води професионални досиеја за секој наставник, во кои систематски се евидентираат сертификати, признанија, дипломи и слични документи, а тие досиеја редовно се ажурираат.<br>Реализирани се многу обуки и работилници за наставниците, меѓу нив се: |

| | |
|---|---|
| | Во текот на учебната година, Татјана Ралевска – проф. по правни предмети учествуваше во ажурирањето за интерна програма за Феријална практика за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар, како и во изработката на интерната програма за Феријална практика за втора година за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил правен техничар.<br>Во текот на учебната година, Жанета Делова – проф. по економски предмети учествуваше во ажурирањето на интерна наставна програма за содржини програмирани од училиштето, односно беше подготвена програмата: „Социјално претприемништво и општествена одговорност“.<br>Во текот на учебната година, Александра Ристова – проф. по правни предмети учествуваше во ажурирањето за интерна програма за Феријална практика за учениците од економско-правна и трговска струка, образовен профил економски и правен техничар.<br>Во текот на учебната година, економско-правниот актив направи презентација од наставниците кои предаваат во стручните паралелки со подетално објаснување на струката за која сакаат да се запишуваат, со презентирање на предметите кои ќе ги изучуваат. Оваа презентација е за соработката која училиштето ја има со странски училишта преку Еразмус+ програмата.<br>На 27.10.2023 година во рамките на Еразмус+ проектот Save Your Future, во СОУ Гимназија Добри Даскалов Кавадарци се одржа витруелна средба со партнерските училишта на која учениците од партнерските земји ги претставија своите училишта, град и земја и се запознаа со останатите учесници во проектот. На виртуелната средба присуствуваа ученици од III година и координатор Христинка Косовска.<br>27.11.-1.12.2023<br>Во мобилноста во Романското училиште Liceul Technologic Ticleni во периодот од 27 ноември до 1 декември, 2023 се вклучија 10 ученика и 2 наставници од нашето училиште.<br>15-19.4.2024<br>Во мобилноста во Италија во училиштето Istituto Tecnico Commerciale Statale F. |

| | |
|---|---|
| | Scarpellini во периодот од 15 до 19 април, 2024 се вклучија 10 ученици и 2 наставници.<br>Во текот од 14-18 октомври 2024 год. ученици и професори во Гимназијата Добри Даскалов Кавадарци реализираа повеќе активности со партнерските училишта од Италија, Романија и Турција на која учениците од партнерските земји ги продолжија активностите предвидени во проектот, овој пат во Гимназијата како домаќин. Координатор на проектот Христинка Косовска.<br>Во периодот од 16 до 22 март 2025 год. ученици и професори од гимназијата „Добри Даскалов“ Кавадарци, беа учесници во повеќе реализирани активности заедно со партнерските училишта од Романија, Италија и Турција, која беше домаќин на проектот. Овој пат учениците кои беа дел од овој проект реализиран во училиштето во Турција. Преку проектот Зачувај ја својата иднина – Save your future во делот “Што се пари?” – “What is money?” реализиран низ низа активности, учениците имаа можност да се стекнат со финансиска писменост и добри потрошувачки навики. Координатор на проектот Христинка Косовска.<br>11.12.2023-Обука за наставници<br>-Тема:„ Начини на превенција и справување со насилство во училиштето“<br>-Место: СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци<br>-Организатор: Биро за развој на образованието<br>-Обучувач: Тони Аврамов<br>31.01.2024-Обука<br>- Организатор: Министерство за образование и наука<br>-Тема:„Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни„ , Сања Илова професор по Англиски јазик и Стефанија Костадинова, стручен соработник<br>-Место: Кино сала при СОУ Гимназија „ Добри даскалов“ Кавадарци<br>29.05.2024 – задолжителна обука за тестатори за Државна матура (преку електронската апликација Teams.microsoft<br>04.06.2024 - обука-Проект „ Промоција на безбедна училишна средина“-(втор дел, преку електронската апликација zoom)<br>-Организатор: Коалиција на младинска организација Сега во партнерство со |

| | |
|---|---|
| | Младинскиот Центар за Граѓанско Образование Прва Детска Амбасада во светот Меѓаши и Смарт АП Лабораторија за социјални иновации со поддршка од Детската Фондација Песталоци<br>-Обучувач: Зага Колодезни-Специјален едукатор и рехабилатор<br>18.09.2023-Воведна обука „ Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средното стручно образование (СОО) и образованието на возрасни (ОВ) – на оваа обука присуствуваа професорките Татјана Ралевска и Жанета Делова.<br>-VET project<br>-Тема:„Развивање и испорака на програми за обука за вработените во училиштата за стручно образование и обука“<br>-Обучувач: Проф. Др. Деан Илиев, проектен локален Виш не-клучен експерт за градење на капацитети во СОО и ОВ<br>-Место: Кавадарцин (Хотел Фени)<br>06.10.2023-Едукативна работилница-Предавач Душана Иванова -Училишен психолог<br>-Тема:„ Ментално здравје и остварување на добросостојба“<br>-Место: СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци (кино сала)<br>17.05.2024-Работилница<br>-Организатор: Народен правобранител на Република Северна Македонија во рамките на проектот финансиран од Европската Унија „ Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.<br>-Тема: „ Соработката на локалната самоуправа со народниот правобранител и ефектите од процесот на децентрализација“<br>-Место: сала на општина Кавадарци<br>-Говорници: г.Насер Зибери-Народен правобранител; г.Митко Јанчев - градоначалник на Општина Кавадарци; г-ѓа Барбара Лигл -лидерка на компонента „ Фундаментални и човекови права на проектот „ Поддршка на ЕУ за владеење на правото„ ; Лилјана Илиевска-Заменик Народен Правобранител; и раководителите на сектор за урбанизам и на на сектор образование при Локална самоуправа Кавадарци. На оваа обука присуствуваше професорката Татјана Ралевска. |

| | |
|---|---|
| | 19.04.2024-Вебинар<br>-Организатор: Министерство за образование и наука<br>-Тема: SELFIEforTEACHERS, алатка за самооценување базирана на Европската рамка за дигитална компетенција на едукаторите, како дел од групата "North Macedonia ETF-JRC Spring 2024". Оваа обука беше достапна до сите професори во училиштето.<br>06.10.2023-Едукативна работилница-Предавач Душана Иванова -Училишен психолог<br>-Тема:„ Ментално здравје и остварување на добросостојба“<br>-Место: СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци (кино сала)<br>10.10.2023 -Обука за „Маркетинг и комуникации“.На оваа обука присуствуваше професорката Татјана Ралевска.<br>-Обучувач Проф. Тамара Јованов Апасиева<br>Место: Дом на Култура „ Иван Мазов Климе„ Кавадарци.<br>25.04.2024-Едулаб вебинари (zoom)<br>Тема: Промоција на „ Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“-Прв дел<br>Предавач: Марко Палоски-тренер<br>15.05.2024-Едулаб вебинари (zoom)<br>Тема: Промоција на „ Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“-Втор дел<br>Предавач: Валентина Петрова-Наставник и обучувач<br>16.05.2024-Курс преку електронската апликација zoom<br>-Организатор:<br>Смарт АП- Лабораторија за социјални иновации<br>Едулаб-платформа за професионален развој преку апликацијата zoom ,<br>-Тема: „ Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“<br>- Времераење 6 часа<br>20.09.2024 во рамките на проектот „ Справување со загадувањето во воздухот“ во Општина Кавадарци, Сала на Советот на општината се оддржа прва форумска сесија во општина Кавадарци во која од СОУ Гимназија „ Добри Даскалов“ Кавадарци учество земаа учениците Викторија Убавкова и Дончо Лазов од клас III-7 под водство на професорката Татјана Ралевска.<br>На почетокот обраќање имаше Митко Јанчев, градоначалник на Кавадарци а |

| | |
|---|---|
| | презентери во текот на првата форумска сесија беа :<br>-Валерија Соколова Стојановска-модератор на форуми во заедницата<br>-Проф. Д-р Дејан Мираковски, Универзитет „ Гоце Делчев“, Штип<br>-Филип Стојановски, Центар за климатски промени<br>-Олгица Апостолова, родова експертка<br>-Елена Митева, ко-модератор на форуми во заедницата<br>15.08.2024-Обука Инклузивна педагогија од страна на училиштето<br>14-15.08.2024 -Обука за спроведување на програмата Зелена економија<br>-Организатор: Центар за стручно образование и обука (ЦССО), (преку електронска апликација zoom)<br>-Обучувачи: м-р. Елизабета Јовановска-Радановиќ и Лилјана Стојковска<br>27-30.09.2024- Обука преку електронска апликација Zoom<br>-Организатор: GOPA Training 3 G1<br>-Тема: Инклузивна педагогија<br>-Обучувач: Данче Тодоровска<br>29.08. 2024- Обука преку електронска апликација Zoom<br>-Организатор: GOPA Training 3 G1<br>-Тема: Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи<br>-Обучувач: Радмила Стојковска<br>16-17.09.2024- Обука преку електронска апликација Zoom<br>--Организатор: GOPA Training 3 G1<br>-Тема: Вештини за дигитална писменост во училница - основен<br>-Обучувач: Арјана Блажиќ<br>10.10.2024-Трибина<br>-Организатор: Црвен крст на Република Северна Македонија<br>-Тема: Важноста на менталното здравје на работното место<br>-Место: Општинска сала , Општина Кавадарци<br>- Презентери:<br>Радица Вареловска-Психолог и гешталт психотерапевт<br>Анастасија Танева- Психолог и гешталт психотерапевт<br>Одговорен професор: Татјана Ралевска |

| | |
|---|---|
| | 14.10.2024- Обука преку електронска апликација Zoom<br>--Организатор: GOPA Training 3 G1<br>-Тема: Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми.<br>-Обучувач: Булент Килинѓ<br>19.10.2024-Курс-„Примена на ИКТ алатки во секојдневната настава (основно ниво)“ . Оваа активност се спроведува од страна на СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина<br>-Обучувач: Перица Сарџоски<br>17.12.2024-Обука преку електронска апликација Zoom<br>--Организатор: Едулаб вебинари<br>-Тема: „ Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри пракси“<br>-Обучувач: Ана Попризова-Психолог<br>25.03.2025 Обука за тестатори – ПИСА 2025 , преку електронската апликација Microsoft Teams<br>Обучувач: Билјана Коцева, национален проект -менаџер<br>07.04.2025- ПИСА 2025-тестатор<br>26.05.2025- Обука за тестатори –Државна матура 2025 , преку електронската апликација Microsoft Teams |

## Подрачје 6.5. Финансиско работење во училиштето

| Теми: | • **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
|---|---|
| | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење** |
| **Извори на податоци** | **Добиени информации** |
| • Годишна програма за работа<br>• Административна служба<br>• Разговор со директор/наставници/УО<br>• Записници и одлуки на УО<br>• Разговор со Советот на родители<br>• Реализација на јавни набавки | Гимназијата е непрофитабилна воспитно-образовна институција, која главното финансирање го добива од Министерство за образование и наука на Р.М. Со процесот на децентрализацијата и ставањето на училиштето под ингеренции на Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината на град Кавадарци.<br>Значајни средства училиштето може да обезбеди од донаторства и грантови од аплицирани проекти.<br>Иако се минимални, сепак не се за потценување и средствата добиени од вонредни испити, издавање на дупликат дипломи и свидетелства.<br>Сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.<br>Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето.<br>Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правилата и прописите поврзани со реализацијата на јавните набавки. Во комисијата е и лице коешто поседува сертификат за реализирање јавни набавни, издаден од Бирото за јавни набавки.<br>Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства.<br>Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. |

| | |
|---|---|
| | Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.<br>Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. |

| ***РЕЗУЛТАТИ*** | |
|---|---|
| ***ЈАКИ СТРАНИ*** | ❖ Реконструирани простории, санитарни јазли, кровна површина и доградба и адаптирање на нови простории,<br>❖ Целосна покриеност со брза интернет мрежа во целото училиште,<br>❖ Целосна опременост на сите учиници со компјутери и ЛЦД телевизори<br>❖ Училници опремени со клима уреди<br>❖ Соодветна стручна надобразба, редовна посета на семинари за стручно усовршување, едукативни дебати, работилници, како и семинари,<br>❖ Постојано следење на постигањата и усовршувањето на наставниот кадар,<br>❖ Наменско користење на буџетските средства. |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Да се продолжи со набавка на стручна литература и надгледни средства.<br>❖ Да се реновира спортската сала |
| ***ИДНИ АКТИВНОСТИ*** | ❖ Поставување на клима уреди во сите училници каде што досега не се поставени,<br>❖ Приспособување и адаптирање на подрумски простории,<br>❖ Уредување и реконструкција на училиштниот двор и спортските терени,<br>❖ Реконструкција на спортската сала, |

## Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 7.1 | Управување и раководење со училиштето | •Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма |
| 7.2 | Цели и креирање на училиштатаполитика | •Јасност и соодветност на целите<br>-Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>•Процедури за креирање на училишната политика<br>-Вклучување на еколошкото образование и заштита на животната средина во креирањето на училишната политика |
| 7.3 | Развојно планирање | • Цели на развојното планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>• Материјално технички средства<br>• Инфраструктура |

## Индикатор 7.1. Управување и раководење со училиштето

<table>
<tr><td rowspan="2">Теми:</td><td>• Управување со училиштето</td></tr>
<tr><td>• Раководење со училиштето</td></tr>
<tr><td></td><td>• Спроведување на методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма</td></tr>
</table>

| **Извори на податоци:** | |
|---|---|
| • Статут на училиштето<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записничка книга од состаноци на Училишен Одбор<br>• Закон за средно образование<br>• Записници од наставнички совет<br>• Деловник за работа на Училишниот Одбор<br>• Одлуки и извештаи од Училишен одбор<br>• Програма за работа на директорот<br>• Анкета со наставници, ученици и родители<br>• Правилници; | Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето и го сочинуваат 12 членови и тоа: 3 претставници на основачот, 3 претставници од родителите односно старателите на учениците, 4 претставника од наставниците, 1 претставник од Министерството, и 1 претставник од деловната заедница. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Тие се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште.Програмата за работа на Училишниот одбор ги содржи сите потребни аспекти: структура, начин на работа и содржини за работа - кои се планираат на почетокот на учебната година, со можност за имплементирање и на други содржини произлезени од тековното работење. За секоја содржина предвидени се носители и дадена е временската рамка.<br>Состаноците на Училишниот Одбор се одржуваат секогаш со мнозинство од членовите. Ако нема кворум состанокот се одложува.<br>За одлуките донесени на Училишен Одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат електронски и преку извештај на огласна табла.<br>Училишниот Одбор активно соработува со просветниот инспекторат ( општински и републички), Биро за развој на образование, Комисијата за образованиеи останатите комисии при советот на општина Кавадарци.<br>Училишниот одбор, заеднички развива идеи, ставови, и вредности кои се обединуваат во визија за позитивните промени во училиштето<br><br>Директорот на училиштето е раководен орган.<br>Раководниот орган заедно со 1 помошник-директор (задолжен за настава, со застапеност од 10 наставни часа) и стручната служба (психолог, педагог и |

| | |
|---|---|
| | социолог), успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите гледишта и потреби на сите вклучени страни во работата на училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност ефективно да делегира надлежности, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето.<br>За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се интерни правилници изготвени во согласност на закони на државно ниво (Правилник за наградување и оценување на учениците, Правилник за користење на учебници, Правилник-кодекс за однесување на учениците и наставниците во училиштето, Етички кодекси за однесување на наставниците и стручните соработници и оценувањето на постигањата на учениците Правилник за начинот на користење на мобилни телефони, Правилник за начинот на користење на клима уреди).<br>Раководниот орган на училиштето во соработка со училишниот еко-одбор ја спроведува методологијата на седум чекори еко-менаџмент од еколошката програма и редовно се грижи за реализација на сите чекори и активности согласно еколошката програма.Раководниот орган е активно вклучен во реализацијата на седумте чекори и придонесува за ефективно и ефикасно спроведување и донесување одлуки. |

## Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика

<table>
<tr><td rowspan="2">Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Јасност и соодветност на целите</li></ul>-Јасност и соодветност во постигнувањата на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма</td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Процедури за креирање на училишната програма</li></ul>- Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци:<ul><li>Записници од Училишниот Одбор</li><li>Развоен план на училиштето</li><li>Годишната програма за работа на училиштето</li><li>Интервју со Директорот</li><li>Записници од наставнички совет</li><li>Записници од совет на родители</li><li>Записници од дневници за работа</li><li>Записничка книга на Училишен одбор</li><li>Интервју со наставници, ученици и родители</li><li>Анекс кон годишната програма за работа на училиштето</li><li>Анализа на состојбата и план на активности</li><li>Записници од состаноци на еко-одборот</li></ul></td><td>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците.Вработените, родителите, учениците и локалната самоуправа активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците.<br>На учениците со различни способности и предиспозиции,преку компонентата проектни активности, им се овозможува да го искажат својот талент и да ги задоволат своите интересирања од различни дисциплини,наука,спорт и уметност.<br>Училиштето е активно вклучено во проектот Дете правобранител со цел промоција на детските права и конвенцијата за правата на децата. Училиштето соработува со НВО-организации(СППМД и Сега, како и со локалната самоуправа).<br>Во училиштето постои Младинска организација во која членуваат сите ученици од економско-правна и трговска струка и секоја година учествуваат во манифестацијата „Образовно рандеву“ организирана од МАССУМ. Преку овие активности учениците стекнуваат значајни искуства и вештини, на професионален и личен план, ги збогатуваат практичните знаења, ги развиваат креативните и комуникациските способности и вештини со цел еден ден активно да се вклучат во животот на заедницата и на пазарот на трудот.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Целите на училиштето се во согласност со целите за реализација на планот на активност од еколошката програма согласно структурата и приоритетите на училиштето.Вработените активно учествуваат во креирањето и вклучувањето на еколошкото образование во наставата и животната средина. |

## Индикатор 7.3. Развојно планирање

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Цели на развојното планирање** |
| | • **Професионален развој / стручно усовршување на кадарот** |
| | • **Материјално технички средства** |
| | • **Инфраструктура** |

| **Извори на податоци:** | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• План за евалуација<br>• Интервју со директор<br>• Интервју со родители<br>• Интервју со совет на родители<br>• Интервју со ученици<br>• Интервју со наставници<br>• Финансов план на училиштето<br>• Годишен план за јавни набавки | Во интерес на реализирање на поставените цели се определени задачите, активностите на одговорните лица и временската рамка за нивна реализација.<br>Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кој ќе се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>Училиштето преку редовно одржување на состаноци со совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови.<br>Во Гимназијата, наставниот кадар континуирано прфесионално и стручно се надоградува и усовршува, следејќи ги воспитно – образовните, технолошките, економските и општествените промени и трендови. Професионалниот развој, односно стручното усовршување на наставниот кадар, претставува планиран, партиципативен но и континуиран процес, кој го поддржува развојот на поединците и ги задоволува потребите од промени на училиштата во кои тие работат. Професионалниот развој се однесува на континуираните потреби на вработените за напредување во кариерата и нивниот професионален и личнен развој,за да се постигнат конкретните цели на училиштето.<br>Професионалниот развој се однесува на подобрување на задоволството од работењето, обезбедува поголема ефективност и ефективност во работењето на наставниците и стручните соработници, но обезбедува и поголема приврзаност на вработените кон училиштето во кое работат. Професионалниот развој го поддржува кариерниот развој, така што им дава можности на оние кои бараат промоција, и преку зајакнување и консолидирање на искуството на сите |

| | |
|---|---|
| | вработени.<br>Училиштето континуирано ги следи потребите од материјално-технички средства и редовно обезбедува материјални средства.<br>За секоја учебна година согласно финансовиот план се подобрува инфраструктурата во училиштето. Училиштето освен соработката со локалната самоуправа соработува и со МОН секотор-инвестиции. Во подрачја на промени и приоритети се вклучени потребите на училиштето во однос на: училишниот субјект, усовршување на наставата и наставниците(техники на предавања, начини на планирање, критериуми за оценување, јавност во оценување, изведување на додатна и дополнителна настава), посебно внимание на тимското работење во функција на развивање на човечкиот потенцијал и изработка на проекти со кои училиштето би конкурирало за грантови, го подига интезитетот и нивото на соработка:со родители, невладини и бизнис сектор.<br>Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, од Бирото за развој и секоторот за средно образование при МОН.<br>После секоја учебна година следи анализа на резултатите на учениците и наставниците и со тоа се градат подрачја на приоритети за воспитно-образовна програма на училиштето од каде произлегуваат задачите за следната учебна година.<br>Од одговорите на голем број прашања од интервјуто со директорот, (мотивираност на наставниот кадар за прифаќање на промени и нови проекти,соработка со членовите на УО, соработка со локалната заедница,распределба на средствата од блок дотациите и др.) се констатира дека наставниот кадар ги прифаќа промените во образованието.<br>Директорот е задоволен од соработката со членовите на УО, соработката со локалната заедница и јасно дефинираните критериуми за распределба на средствата од блок дотациите. Последните години добиени се средства од ребалансот на буџетот на општината што се искористени за подобрување на инфраструктурата во училиштето. Инфраструктурата и енергетската ефикасност во училиштето се подобрени како резултат на поставување на автоматска |

| | |
|---|---|
| | телескопска лизгачка врата на влезот кај учениците со што задржува топлината во училишните ходници. Исто такацелосно е климатизиран спратот во училиштето со поставување на инвертер клима уреди кои се користат на опција за ладење на почетокот и крајот на учебната година со што дополнително се подобрува амбиенталната атмосфера во училниците. Во сите училници поставени се ЛЦД телевизори кои поврзани со ХДМИ приклучок со компјутер или лаптоп им овозможуваат на сите наставници и на сите ученици подеднакви услови за користење на ИКТ во наставата.Променета е електричната инсталација во 14 училници со што се овозможува сите простории да имаат непречен пристап на електрична енергија за сите уреди. Варосана е целата училишна зграда.<br>Во поглед на подобрување на квалитетот на наставата набавени се нагледни средства за голем број на наставни предмети, топки и друга спортска опрема за наставата по спорт, плакари за во кабинет, набавка на книги за училишната библиотека.<br>Директорот смета дека со подобрување на условите за работа, негување на позитивната клима и добрата комуникиција наставник-ученик, училиштето е пријатно место каде учениците ги минуваат ,,најлудите” години од животот и се развиваат во здрави млади луѓе кои ќе го продолжат образованието во високообразовните институции во земјата со стекнати солидни знаења во нашето училиште.<br>СОУ Гимназија “Добри Даскалов” располага со зграда на дваката од тврда градба ( со 4840 м2 бруто површина и 3773 м2 нето површина) во сопственост на Општина Кавадарци, на која се извршени одредени инфраструктурни зафати во надворешната и внатрешната нејзина конструкција. Современо опремени кабинетски простории и училници, простории за раководен, стручен и административен кадар за успешно реализирање на воспитно - образовната дејност.<br>Современо опремени кабинети по информатика (опремени со компјутер за сите ученици). Современо опремени кабинети по хемија, биологија, физика, ликовна уметност и музичка уметност со реновирана кино сала опремени со современи нагледни средства, ДВД проектор, aktiv board-табла, термометар, инфлуентна |

машина за демонстрација во електростатика, микроскоп, графоскоп, лакмусова хартија, модел на ДНК и други дидактички средства за поуспешно реализирање на наставата со учениците.

Училиштето располага и со училишна библиотека опремена со лектири и фонд на книги кој постојано се дополонува.

Училишниот двор, со површина од 8010 м2,е простор каде што учениците ги изведуваат спортските активности и натпревари. Во него има игралиште за фудбал, кошарка и ракомет. Предниот дел од дворот е озеленет и хортикултурно уреден.

### Мапа на училиштето



| *РЕЗУЛТАТИ* | |
|---|---|
| ***ЈАКИ СТРАНИ*** | ❖ Формирани се сите раководни структури согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето<br>❖ раководните структури имаат изготвено годишни програми за работа<br>❖ во училиштето има воспоставено соработка меѓу раководните структури и останатите субјекти во училиштето<br>❖ успешно креирана училишна политика во функција на доброто на учениците<br>❖ соработка со локалната заедница и Граѓанските здруженија<br>❖ транспарентност на работата на училиштето преку перманентна соработка со медиумите<br>❖ планирање на активности усогласени со реалните потреби на учениците<br>❖ обезбеден оптимален и пријатен простор за учење, работа и престој во училиштето |
| ***СЛАБИ СТРАНИ*** | ❖ Да се продолжи со докажаниот начин на работење на раководството во училиштето, кој подразбира ефикасност, ефективност и отвореност во креирањето на сопствената препознатлива платформа на креирање на политиката, повеќенасочна конструктивна комуникација со сите инстанци и работење насочено кон постојано подобрување на целокупнот воспитно-образовен процес<br>❖ Да се продолжи со трендот на професионална едукација и професионален развој на сите чинители на воспитно образовниот процес со обуки, семинари и работилници<br>❖ Реновирање на подрумските простории |

| Кратка анализа на Подрачјето 7: Управување, раководење и креирање политика |
| --- |
| СОУ Гимназија Добри Даскалов Кавадарци, се карактеризира со високо воспоставена организациска структура и на хоризонтално и на вертикално ниво. Наставниот кадар, административната, стручната служба и техничкиот персонал, високо професионално, секој во сопствениот домен на компетенции и ингеренции си ги извршува своите работни обврски и задолженија. Во училиштето раководењето и креирањето на политиката е на демократски, транпарентен начин и во функција за доброто на учениците, вработените и Општината.<br>Училишната зграда е од тврда градба и учениците имаат доволен простор кој им овозможува оптимален простор за учење и престој во училиштето.<br><br>Раководниот кадар води грижа за животната средина, редот, хигената и безбедноста на сите присутни во училиштето и училишниот двор. |
| **Идни активности:**<br>-Да се продолжи со трендот на професионална едукација и професионален развој на чинителите на воспитно-образовниот процес со обуки, семинари и работилници кои го налага процесот на глобализација и современото општествено живеење.<br>- Реновирање на подрумските простории.<br>- Реновирање на спортската сала,<br>- Изградба на мултифункционална просторија/сала за ученички активности, презентации и вонnаставни активности. |

# ПРИЛОЗИ

## П Р А Ш А Л Н И К за наставници
## Подрачје 3: Учење и настава

Овој прашалник е анонимен. Ве молиме, на прашањата одговарајте колку што е можно поискрено. Вашите одговори ќе придонесат за реална самоевалуација на училиштето во кое работите. ***Ви благодариме!***

Пол: а) машки б) женски

**1. Размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја правите:**

а) во рамките на активите
б) разговор со колеги од колективот
в) разговор со колеги од други училишта
г) преку сето горе наведено

**2. Колку размената на искуства и информации при планирањето, Ви ја олеснува работата во планирањето ?**

а) малку б) средно в) многу

**3. Во кој временски период правите размена на искуства и информации при планирањето?**

а) кога се изготвуваат годишните планирања
б) периодично
в) во текот на целата наставна година

**4. Колку често применувате разновидни и добро испланирани наставни форми и методи во наставата?**

а) секојдневно
б) двапати неделно
в) ________________________

**5. Колку учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера?**

а) малку б) средно в) многу

**6. Колку често применувате ИКТ во наставата?**

а) ретко б) средно в) често

**7. Колку често на учениците им задавате домашна задача?**

а) одвреме-навреме
б) редовно им задавам домашна задача
в) не им задавам домашна задача

**8. Со колкав фонд на книги и стручна литература располага училиштето?**
а) доволен б) среден в) недоволен
**9. Дали имате стереотипи за машки и женски активности и професии?**
а) да б) не
**10. Дали подеднакво ги испрашувате и машките и женските ученици?**
а) да б) не
**11. На каков начин ги известувате учениците за нивниот напредок?**
а) директно б) преку класен раководител в) не ги известувам
**12. Разговарате ли со учениците за нивниот напредок?**
а) секогаш б) понекогаш
**13. Правите ли белешки за напредокот на учениците?**
а) секогаш б) понекогаш
**14. Кои алатки за учење од далечина ги користите во наставата?**
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**15. Дали примената на Протоколот за начинот на користење на мобилни телефони од учениците и наставниците ќе ја подобри ефективноста во наставата?**
а) да, во потполност се согласувам б) делумно се согласувам в) не се согласувам
**16. На кој начин водите сметка за индивидуалните потреби на учениците?**
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
**17. Колку често користите Вештачка интелигенција во планирањето и реализацијата на наставните програми?**
а) ретко б) средно в) често
**18. Дали Вештачката интелигенција Ви го олеснува планирањето и реализацијата на наставните програми?**
а) да, во потполност се согласувам б) делумно се согласувам в) не се согласувам

## П Р А Ш А Л Н И К за ученици
## Подрачје: Учење и настава

Овој прашалник е анонимен. Ве молиме, на прашањата одговарајте колку што е можно поискрено. Вашите одговори ќе придонесат за реална самоевалуација на училиштето во кое учите. ***Ви благодариме!***

Пол: а) машки б) женски

1. Колку често наставниците Ве охрабруваат да преземате лична одговорност, т.е. самостојно да размислувате?
   а) секогаш
   б) понекогаш
   в) ретко
   г) никогаш
2. Како наставниците Ве вклучуваат во наставата?
   а) постојано ве прашуваат
   б) Ве мотивираат самостојно да се пројавувате
   в) преку изработка на проекти
   г) преку сè претходно наведено
3. Наставниците со навредливи зборови им се обраќаат на учениците.
   а) во одделни случаи
   б) во повеќе случаи
   в) многу ретко
4. Коку начинот на кој се учи во училиштето е интересен?
   а) на некои часови
   б) на сите часови
   в) ____________________________________________.
5. Колку тоа што го учите во училиштето сметате дека ќе Ви користи во секојдневниот живот?
   а) многу
   б) малку
   в) воопшто нема да ми користи

6. Колку слободно пред наставниците може да го искажете Вашето мислење за одделни прашања и проблеми?
   а) малку
   б) средно

в) многу

7. Каква е соработката меѓу учениците во училиштето?
   а) не е доволно добра
   б) средно задоволува
   в) одлична
8. При оценувањето наставниците користат различни техники, со што Ве мотивираат да учите и да го постигнете својот максимум?
   а) мал број наставници
   б) поголем број наставници
   в) сите наставници
9. Колку наставниците Ви даваат повратна информација за вашите остварени постигнувања?
   а) секогаш
   б) мал број на наставници
   в) поголем број на наставници
   г) сите наставници
10. Средината во која учите и реализирате настава е мотивирачка, стимулативна, инклузивна и интеркултурна што кај вас поттикнува интерес за учење.
    а) да, во потполност се согласувам б) делумно се согласувам в) не се согласувам
11. Дали примената на Протоколот за начинот на користење мобилни телефони од учениците и наставниците ќе ја подобри ефективноста на наставата?
    а) да, во потполност се согласувам б) делумно се согласувам в) не се согласува
12. Дали Вештачката интелигенција ви го олеснува совладувањето на наставниот материјал?
    а) да, во потполност се согласувам б) делумно се согласувам в) не се согласувам
13. Наведете Ваши предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

____________________________________________________________

____________________________________________________________

___________________________________________________________.